СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 мај 1995 година

Скопје, мај 1995 година

**СЕДУМНАЕСЕТТА (17) СЕДНИЦА – I ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 17.V.1995**

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТР. Т.14 - ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОБАТА ВО ТУТУНСКОТО СТОПАНСТВО И ОТКУПОТ НА ТУТУНОТ ВО 1994 ГОДИНА

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 45
2. ЃОРЃИЕВ ДРАГАН 25
3. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 12
4. ДИМОВ ЛАЗАР 62
5. ЖУТА БЕЌИР 54, 57
6. ИВАНОВ РИСТО 36, 40, 66
7. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО 34
8. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 23
9. МИН0В ПАНЧО 52
10. НАСТОСКИ ДИМЧЕ 43
11. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1 (ЈА ВОДИ СЕДНИЦАТА)
18. ПАУНОВ ТОДОСИЕ 49
13. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ 58
14. ТАНТАРОВ ВЕЉО 12, 22, 67
15. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР 27,31
16. ХАСИПИ КЕНАН 60
17. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО 4, 51
18. ЧАПОВ СЛАВКО 42
19. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ 2
20. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ 11

КРАЈ НА СЕДНИЦАТА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 мај 1995 година**

Седницата се одржа во сала I со почеток во 12,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Најнапред сакам да ве информирам дека поради отсуство 1 претседателот на Собранието со овие две седници ќе раководам Јас, се разбира, ако немате ништо против. (Пратениците се согласуваат). Немате, добро.

Како што сте информирани со поканата за денешнава седница најнапред треба да завршиме со 17-тата седница, односно една точка на 17-та седница, а потоа ќе продолжиме со 19-та седница.

Отсуство од денешнава седница според ова што е доставено до Собраниската служба најавиле од пратениците Ристо Николовски, Стојан Андов и Зоран Крстевски.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Четиринаесетта точка и последна од 17-та седница е

Информација за состојбата во тутунското стопанство и откупот на тутунот во 1994 година.

Информацијата за состојбите во тутунското стопанство и откупот на тутунот во 1994 година ви е доставена. Владата на РМ достави информација за откупот на тутунот која ви е поделена.

I/2 CJ/ПН

Во меѓувреме и Комисијата за земјоделие расправаше, се надевам дека ќе ви биде поделено мислењето со заклучок на Комисијата за земјоделие.

Бидејќи заврши Комисијата, дали е претседателот на Комисијата тука и дали би сакал усно да информира за расправата на Комисијата.

Има збор г-дин Санде Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Г-дин потпретседателе, госпoда пратеници, денеска наутро ја добивме Информацијата за пласман и исплата на тутунот на производителите на тутунот од реколтата 1994 година и по неа Комисијата штотуку ја заврши својата седница и расправаше по истата точка. Затоа не сме во можност веднаш да ви се достави писмен извештај, тоа ќе се направи веројатно подоцна, стручните служби тоа ќе го направат, меѓутоа јас би сакал малку да продискутираме околу оваа точка.

Земјоделството во РМ претставува една од најважните стопански гранки, и има повеќе причини зошто така мислам, јас ќе наведам само 2 причини, тоа е затоа што поради малиот пораст на земјоделските производи е еден од заштитник на граѓанскиот стандард и во земјоделството се вработени најголем број од населението. Во рамките на земјоделието тутунот претставува една од главните култури и затоа не случајно денеска е ставен на дневен ред. Тутунот претставува главна култура, покрај другите главни култури во РМ, јас само ќе спомнам поради 2 причини зошто така сметам. Дека е главна култура. Затоа што тутунот е една култура која не бара односно бара многу мали

финансиски вложувања и не бара никакви девизни вложувања за неговото производство, а е култура која обезбедува девизи за нејзиниот пласман.

Втора работа зошто тутунот е многу значајна култура кај нас затоа што во тутунот работат голем број од населението што како главна делатност, а еден дел како дополнителна делатност на граѓаните.

За тутунот Комисијата расправаше по Информацијата за откупот и пласманот на тутунот и констатира дека досега за пласман на тутунот се исплатени односно е откупен ферментиран тутун за негде околу 415 милиони денари, а разликата од заштитната цена до откупната цена до денес не е исплатена. Вам на сите ви е познато дека тутунот спаѓа во културите кои што се со заштитна цена каде што државата гарантира за исплаќање до таа цена, но производните организации односно организациите кои се занимаваат со откуп и преработка на тутун не се во можност да ја платат таа цена, затоа државата разликата од таа цена која ја плаќаат преработувачките капацитети до заштитната цена треба да ја плати државата од буџетот.

Државата тоа ќе го направи и според извештаите кои беа на Комисијата и министрите кои беа присутни на Комисијата се констатира дека покрај тоа што државата за стокови резерви откупи одредена количина на тутун за да ја подобри ликвидноста на тутунските производители, на капацитетите за капацитетите за преработка на тутун, да ја намали своите залихи и да може да исплаќа на тутунопроизводителите. И, зема обврска односно да во најкраток рок ја исплати разликата на цената од откупната до заштитната цена.

И, затоа Комисијата предлага како заклучок на ова Собрание: Прво, Собранието да ја прифати Информацијата за пласман и откуп на тутунот за реколтата за 19 94 година.

Второ, Владата на РМ да преземе неопходни мерки за давање приоритет во обезбедувањето на средства за наплата на разликата меѓу откупната и заштитната цена на тутунот.

Трето, Владата на РМ да ја забрза постапката за изготвување на законот на тутун кој сметаме дека со изготвување на Законот за тутун ќе се ублажат одредени состојби во пласманот и откупот на тутунот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ги молам натамошните учесници во расправата да го имаат предвид предлогот на заклучокот на Комисијата и по него да се произнесеме бидејќи на крај Собранието ќе треба да гласа.

Бидејќи претресот е отворен, молам кој бара збор?

Има збор г-дин Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, мислам дека оваа проблематика што е денес на дневен ред, ме радува што е оваа точка изоставена и што е денес под реден број 1 затоа што мислам дека ќе имаме трпение да се сослушаме и за секое размислување, секој предлог и те како добро да се разработи и обмисли и објективно, принципиелно и со економска логика да ги кажеме нашите предлози до Владата, до ресорните министерства затоа што од оваа проблематика ни повеќе ни помалку живеат околу 250 до 300 илјади домаќинства во РМ, а мене ме натера да се изјаснам затоа што во мојата општина од 33 илјади

скоро 25 илјади егзистираат основна егзистенција е 20 до 25 илјади граѓани од тутунот.

Да не ми биде забележано субјективно мислам дека Информацијата кога ние веќе од самото основаше на овој Парламент баравме да се расправа за тутунот, баравме да се помогне на овие граѓани на кои им е основната егзистенција од тутунот, баравме не само инцидентно да се разреши туку проблемот да се стави на дневен ред, а кога се става некоја точка .на дневен ред не се става ние да ги дневно, неделно, месечно, туку што можеме подолгорочно да го разрешиме актуелниот проблем. Јас морам да се обратам до Владата, па и до самата Комисија, не само за земјоделие туку и во рамките на стопанството и пошироко. Со оваа Информација мене не ми се дава доволен впечаток дека ние како Влада, даваме доволно значење на оваа дејност. Информацијата од страница и пол мислам дека ни одблизу не ги отсликува и те како актуелните, да не кажам и кризни состојби во тутуновото производство затоа што голем број граѓани егзистираат од оваа дејност.

Да не ми биде директно забележано и да ми биде директно забележано, кога се во прашање други дејности, кога е во прашање друго што да се помине преку Владата и Парламентот многу побрзо и пообемно и многу поисцрпно. Затоа и моето јавување е што треба подолгорочно да преземаме како актуелна Влада, како актуелен Парламент во наредниот период, затоа што проблемот со тутунот, не е само бербата за 19 94 година, треба и 1995 година и понатаму проблемот треба да го разрешиме.

I/6

Јас би сакал да кажам како може една дејност да биде добра, и ќе појдам, не сакам да кажам колку претпријатијата се со позитивна добивка, а колку се со загуба ако секако јасно зборуваат состојбите во тутунските претпријатија, особено во претпријатијата за обработка на тутун проблем број еден се каматите. Меѓу главните причини за таквата состојба покрај намалувањето на реализацијата на тутун се и високите трошоци за камати односно неусогласувањето и нежирирање меѓу висината на каматните стапки со стапката на инфлација и особено курсот на денарот во однос на американскиот долар и нафтата.

Во било која анализа може да се види дека економските параметри во 19 9 4 година и тоа курсот на доларот на слободниот пазар, цените на мало, есконтната камата и банкарската камата, според тоа, јасно се забележува дека показателите, а особено курсот на доларот бележи намалување за 9%, а цените на мало се зголемени за 50%, а посебно сите влезни трошкови за производство нас 1 кгр. тутун.

Каматите бележат драстично поголем раст, особено есконтната камата, кулумот изнесува 83%, а банкарската камата 148%. Тоа во свет ниту се памети, ниту во овој момент има, за во наредниот период никој од нас не може тоа да го гарантира. Иако во однос на 1993 година каматните стапки навистина се намалени во услови на стагнантен, а во последните месеци и на опаднат курс на доларот во однос на денарот, тие се сеуште превисоки и претставуваат огромен товар врз тутунските претпријатија.

Според завршните сметки за 1994 година вкупно пресметаните камати во претпријатијата членки на Југотутун, на деловниот систем

Југотутун изнесуваат 3 милијарди 800 милиони денари што е за 16 пати повеќе во однос на претходната година. Во претпријатијата за обработка на тутун каматите изнесуваат милијарда и шесто педесет милиона или за 30% се зголемени во однос на 1993 година при еден стабилен курс.

Во тутунските комбинати каматите се зголемени како што реков за 33%, тоа значи во услови на намалени каматни стапки за 1994 год. номинално каматите бележат зголемување од причина што се зголемува кредитната задолженост на претпријатието особено во обработката на тутунот. Ова неслучајно го потенцирам пред овој Парламент затоа што во повеќе наврати од те како одговорни субјекти од институциите од органите на власта дека ние оваа година толку сме помогнале во тутунот што никогаш до сега, а каде има да овој тутун 7 0 милиони долари од бербата за 1994 год. треба да платат за камати. Вкупно пресметаните камати во 1994 год. во претпријатијата за обработка на тутунскиот комбинат изнесуваат 2,71 милијарда денари по просечен курс од американскиот долар изнесуваат ни повеќе ни помалку 67,9 милиони долари или по просечна продажна цена на ферментиран тутун од 3,5$ тие се еднакви на 19 илјади тони ферментиран тутун односно целокупната берба од 1994 год.

Кога веќе збор ваме за тутунот јас би сакал што е тоа конкретно да го преземеме во наредниот период. Би сакал оваа дејност, тутуно производство да би можеле следните наши чекори и активности да ги преземеме и да кажеме ако во стопанството на РМ каматите претставуваат 8,3% од вкупниот приход и 7,9% од вкупните расходи г-дине Маријане, во претпријатијата за обработка на тутун каматите претставуваат дури 47,3% од вкупниот приход односно 42% од вкупните расходи. Овие бројки зборуваат во каква неповолна состојба се наоѓа

новото производство односно граѓанинот кој живее од тутунот како основна егзистенција. Тоа не е политички маркетинг, туку тоа се стратешки проблеми на овие граѓани, на овие домаќинства кои изнесуваат 250 илјади, кои живеат во РМ и овој Парламент мора да најде храброст, знаење и умешност оваа неповолна состојба во тутунската индустрија, во тутуното производство што побрзо да се надмине.

Јас повеќе не би сакал да елаборирам еве како што рече и колегата Џамбазовски на Комисијата расправале и како претседател на Комисијата рече, туку од сето тоа треба да видиме што треба под итно да направиме.

Од сите претходни аналитички согледувања на состојбата во тутунските претпријатија единствен и неизбежен е заклучокот дека покрај мерките за зголемување на реализација на тутунот и цигарите итно мора да се разрешат проблемите што се од системски карактер, пред се, преку намалување на каматите и нивно усогласување со движењето на курсот и девизите заради создавање на одредени почетни услови за понатамошно работење мора да се изврши и одредено растоварување од досега неправилно пресметаните камати во изминатите 2 години преку соодветно отпишување кај деловни банки.

За остварување на овие мерки соодветни активности сигурно треба да има овој Парламент, а пред се Владата на РМ, преку Народната банка и преку нашите деловни банки во РМ и дури може да се бара банка односно Светската банка за еднократна помош за тутуновото производство само еднаш да предизвикаме примарна емисија, а тоа да го запазиме со повеќе години задолжувајќи ги претпријатијата во соодветните градови односно општини.

Понатаму, бараме тоа што го рече и колегата Џамбазовски мора да се донесе што побрзо Законот за тутун, што побрзо во општините јас би сакал да кажам дека со одлука на Владата беше доделовно и во најголем дел и мислам дека Владата направи голем чекор со тоа заштитната цена да биде 82 денари, што значи од 82 до 64 односно до 50 и минимално до 47. Дали овие средства^можат, а мислам дека поаѓајќи од претходно наведените сите неповолни состојби треба што побрзо да се најдат и да се кажат пред граѓаните, пред тутунопроизводителите, за колку време и за која динамика општина по општина ќе се исплати оваа заштитна цена од 64 денари до 82 денари. Мислам дека мора да имаме одговор, ресорните министерства на Владата на РМ мора отворено да кажат пред тутунопроизводителите во овој момент за колку време оваа заштитна цена ќе се исплати пред тутуно- производителите од повеќе причини, затоа што тутунот во повеќе општини како што е Прилеп, Радовиш, Струмица и да не ги спомнувам сите општини, основната егзистенција е од тутунот, а овие 28% од откупната цена до заштитната цена многу значат за секој тутуно-производител токму во време кога тие инвестираат, кога го нема авансирањето тоа што беше пред повеќе години и ако тоа се со банкарски камати, неповолни, и така натаму мислам дека во наредниот период треба да се реши.

Понатаму, заклучокот, јас кога овие мерки и оваа дискусија овде ја образлагам пред овој и те како актуелен и одговорен Парламент би сакал овие мои предлози, препораки не да бидат за бербата за 1994 година, туку треба да бидат и за бербата 1995 и 1996 година барем во среднорочниот план да влезе тутунот под кои услови ќе се откупува и што тутунот, затоа што ние за 4-5 години иако сакаме да станеме Кипар,

да станеме Лихтенштајн, да станеме Сан Марино и н. но за 5 години сигурно нема да станеме. Овие луѓе од 250 илјади домаќинства мора да егзистираат на ТЈ2ЃЛОТО на РМ. Затоа овие мерки јас не би ги рекол во од само оваа година да ги решиме туку и за оваа актуелна берба во 1995 година да се каже јасно и гласно оваа Република може тутуновото производство да го заштити толку и толку и да се каже тоа пред тututнопроизводителите.

Јас би сакал повеќе да зборуваме за тутунот со економската логика, со потребите на тутунопроизводителите токму да одиме во споредување и н. затоа што состојбите во тутунот, тутуновото производство и тутуновата индустрија не само што е преработката кај цигарите и ред други работи со една таква политика во последните години е толку неповолна што мислам дека луѓето се на работ на егзистенцијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловничка интервенција има господинот Алил Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници, за да може навистина човек да стани и да говори за овој така тежок проблем години наназад во тутунското производство јас барем очекував дека двете ресорни министерства, покрај изготвената информација за откупот и пласманот на тутунот од реколтата во 1994 година, која содржи статистички податоци колку е засадено, колку е откупено, колку е исплатено и слично, двајцата министри да излезат со свои излагања како гледаат на разрешувањето на овој така тежок проблем години наназад; со тутунското производство. Бидејќи проблемите се тука, во информацијата имаме наведено статистички податоци каква се состојбата, излез од тоа никаков во информацијата не се нуди. Ова мораше да биде и одговор на пратеничко прашање па немаше потреба да се отвара расправа овде, бидејќи одредени работи веројатно треба да се решат системски со одреден закон, работи со политика на Владата, има ли потреба оваа држава од 20 илјади тони тутун или има потреба од 5 илјади тони тутун, каков тутун и е потребен. Се разбира, тоа требало да се направи во договор односно во консултацијата со асоцијацијата "Југотутун" и да има малку поопипливи податоци, информации и која е стратегијата во оваа смисла, за да може да се дискутира. Инаку врз основа на оваа информација нема што да додадам ова е точно, можеби не е се точно, но таква е и што правиме понатаму.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Веројатно ќе оценат министрите дали треба да се јават за збор.

Процедурално има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ.**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, се согласувам со колегата, мислам дека даваме тежина на овој проблем и многу би било вкусно - јас би го дигнал проблемот на една истанца уште поголема да дојде премиерот и да кажа од каде ќе се обезбедат пари. Ако треба да му дадеме тежина, да го дигнеме проблемот малку на поголема истанца.

**ТИТО ПТЕКОВСКИ:**

Има збор господинот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, пред стотина дена пред откупот на тутунот од родот во 1994 година, по барање на тутунарите од 60-тина битолски села, каде што тутунот претставува главен извор на живеење, побарав парламентарна расправа за откупните и исплатните проблеми и сите други проблеми на тутунското стопанство на нашата држава. Тогаш ова и неколку други исти такви барања не беа прифатени од ваша страна. Се отфрлаа со разни образложенија. Се тврдеше дека Парламентот не треба да се занимава со вакви проблеми, дека нема информација за отворање на евентуална расправа за тутунската проблематика дека Парламентот донесува само закони а не и решенија за одредени стопански проблеми и какви не други изговори. Во Парламентот за проблемите на тутунското стопанство немаше ништо за расправа за изнаоѓање на светли решенија, а за големите загубари и банките може да се донесуваат закони и какви не системски мерки за излез од натрупаните тешкотии. Со тутунот и огромната армија од работни луѓе

што се занимава со неговото производство не смееше да се води ваква парламентарна игра. За тутунот културата на сиромашното селанство на работниците и пензионерите со ниски плати и ниски пензии, стечајните работници од селото и градот и работниците што долго време чекаат вработуваше требаше да има подобар државен третман, посебно сега кога насекаде навистина имаме невидена сиромаштија. Меѓутоа, како така пред Вели ден и проблемите од тутунското стопанство добија виза за влегување во парламентарна расправа. На последната седница се договоривме да отвориме расправа по февруарската информација на Владата на Република Македонија за состојбите во тутунското стопанство и откупот на тутунот од родот во 1994 година. Но кога на неа и дојде редот во обемниот дневен ред заради тоа што на седницата не беа присутни министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот за финансии расправата се изјалови. Како што вели народот "се фати сиромавиот на оро, се скина тапанот". По еден месец од прекинот на таа седница, денес се надевам дека во Парламентот ќе бидат претресени сите тутунски проблеми, изградени ставови, заклучоци или препораки до Владата за нивно побрзо решавање. Ако треба за нив нека се донесат и посебни закони како што во почетокот на оваа година ги донесовме законите за големите загубари.

Моите барања за отворање парламентарна расправа за состојбите во тутунското стопанство беа барања на кои требаше да се добие одговор на прашањето: "што станува со откупот на тутунот од минатогодишното производство, по кои цени ќе се откупува и кој кога ќе го исплати. Вие добро знаете што се на овој план се случуваше во декември и јануари. Знаете дека заради немање на парични средства и нерешените прашања околу цената на тутунот откупот беше ставен под голем прашалник. Наместо на 1 декември, за жал почна на 17 јануари

годинава. Тутунот почна да се купува без свои откупни цени. Во првата половина на февруари Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Министерството за стопанство изработија информација за состојбата во тутунското стопанство и откупот на тутунопроизводството во 199 4 година. Оваа Информација Владата ја имаше гледано и усвоено на 13 февруари 1995 година и е доставеца до Собранието на Република Македонија како одговор на моето пратеничко прашање.

Сметам дека стручњаците што ја изготвија оваа Информација недоволно ги прикажаа состојбите со откупот и исплатата на тутунот од родот во 1994 година, ниту пак ги регистрираа проблемите што го потресоа македонското тутунопроизводство. Нека простар што ќе кажам дека оваа Информација не заслужува да се гледа пред Собранието на Република Македонија. Информацијата на Владата е напишана на три страници, не дава никакви информации за состојбите во тутунското стопанство. За нив и врапците знаат дека се од тешки потешки. Се знае дека тутунското стопанство, што долго време уживаше глас на најдобра гранка на македонското стопанство, сега се наоѓа во една состојба безнадежна, виси на прагот на една голема стечајна бесилка. И не само тоа, туку и оваа информација за откупот и исплатата на тутунот е изработена и усвоена од страна на Владата во почетокот на откупот на тутунот,а ние денес ја гледаме кога се расадува новото производство на тутун. Ја гледаме кога жените и децата го садат тутунот, а главите на тутунските домаќинства секој ден висат пред вратите на тутунските претпријатија за да земат некој денар од минатогодишното производство на тутун.

Почитувани пратеници, тутунот за нашава држава има посебно стопанско и социјално значење. Во неговото примарно производство, доработка, производство на цигари и промет, ни малку ни многу, се вклучени над 210 илјади работни луѓе, а грото од нив над 200 илјади луѓе

II/5

се селани што работат и живеат во пасивните и сиромашни села, низ чии слабородни атари само од тутунот може да се добие некој денар за крпење на нивниот сиромашен живот. Само преку тутунот, арните ораници и ораниците што се непогодни за рентабилно производство на други култури се натерани да даваат доход за потребите на селскиот живот. На нив секоја година се раѓаат 20-25 илјади ориенталски тутун, кој покрај тоа што носи егзистенција за наведените двеста илјади производители, носи работа, плата и пензија, за седум илјади работници од тутунските претпријатија на системот "Југотутун". Натаму, од тутунот на вредните тутунари државата секоја година добива по 70 и повеќе милиони долари нето девизен прилив, а со преголемите даноци на цигарите добро се полни државниот буџет.

Овие благодети што тутунот ги носеше на нашата национална економија во нејзините кругови беа присутни до 1993 година. Дотогаш тутунското стопанство беше стабилна гранка, со ретко добри производни финансиски и извозни резултати. До 199 3 година тутунот што го произведуваа селаните и селанчињата од петгодишна возраст до длабока старост, додека можат да одат, се произведуваше, откупуваше и стартуваше без никакви тешкотии. На кантарите се ценеше и мереше тутунот, немаше расправии. До 1993 година пред секој велигден тутунските претпријатија ги разделуваа првите парични аванси за организирање на новото производство на тутун, а годинава Велигден беше пречекан и испратен без да се добијат парите од минатогодишното производство на оваа култура. Кон тутунарите не се исполнети обврските ни од тутунските претпријатија ни од државата. Државата иако зеде обврска да го заштити тутунот со својата заштитна цена, таа сеуште ја нема исполнето. Разликата од откупната до заштитната цена не се исплатува, никој не знае кој и кога ќе ги плати ветените 320 милиони денари нивна разлика од таканаречената монополска до држава откупна цена.

Прашувам: Дали министрите за стопанство и финансии знаат дека откупот на ориенталскиот тутун одамна е завршен и сеуште неисплатен. Дали знаат дека широколисниот тутун осум месеци чека министерска милост за исплата на споменатата разлика од оваа цена. По сите откупни и исплатни маки само со неа остана да се платат давачките кон државата за минатата година за пензија, за здравствено и друго осигурување. Кога нивните ветувања за исплата на една третина од вредноста на откупениот тутун ќе стане стварност, на Божик или на Велигден 1996 година. Во битолско Могило, центарот за производство на најквалитетна македонска вирџинија, трпението на овој план попушта. Наскоро тие парите ќе ги бараат' со собири пред Владата или Собранието на Македонија.

Некој ќе праша зошто овие прашања за исплатата на тутунот. не се исплатени до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Одговорот е јасен. Затоа што овој министер нема никакви овластувања ни за формирање на откупните цени на тутунот и другите земјоделски култури ни за нивна исплата. Сега за сега е само мета за викање од страна на земјоделците.

Почитувани пратеници, сиромашна и затворена кон светот од север и југ, во изминатите три-четири самостојни години наоѓаше и наоѓа пари за плата за својата голема администрација, наоѓа пари за големите загубари, наоѓа пари за корисниците на социјална помош, за помош на стечајните работници, но не најде и не сака да најде пари само за нашиве сиромашни тутунари. За оваа категорија земјоделски работници долго време се наоѓа на последното место на листата на работниците во нашава држава, нема пари.

Неисплатениот тутун негативно се одразува и во договарањето на новото производство на тутун, во неговите производни средини годинава тешко оди договарањето. Мора да признаеме дека во некои средини тоа

II/7

е преполовено. Во битолско има масовно бегање од тутунот. Празните џебови на тутунарите не дозволуваат да се работи на новото организирање на неговото производство ниту на ориенталски ниту на крупнолисен тутун.

Тутунските претпријатија сега за сега немаат финансиска моќ ниту да го платат минатогодишниот тутунски долг, ниту да издвојат средства за кредитирање на репроматеријалите за организирање на новото производство на тутун. Тоа некогаш за потребите на тутунот издвојуваше огромни средства за сите репроматеријали, за купување на стотици трактори, стотици машини за садење тутун, стотици машини за нижење, сушилници за широколистен тутун, за свадби, за куќи, и што ти не. Сега и тоа како и неговите коопераnти виси пред големата сиромаштија и неможе да помогне со ништо. Ваква мака сигурно ги мачи и другите тутунски претпријатија од деловниот систем "Југотутун".

Инаку, на прашањето зошто македонското тутунско стопанство се најде во крајно критична состојба, пред распаѓање и стечај, според тутунарите и тутунските стручњаци има неколку одговори. Меѓу нив позначајни се:

Изгубениот пазар за тутун во поранешните југословенски републики, светската криза со потрошувачката на цигари и ферментиран тутун,неповолниот на тутунското стопанство во мерките на економската политика и на крајот неисполнувањето на договорите меѓу Владата, Народната банка , деловните банки на Македонија; и деловниот систем "Југотутун" за разрешување на тековните проблеми во тутунското стопанство, вклучени во текот на 1994 и 1995 година.

По губењето на тутунските пазари во поранешните југословенски републики, на кои се пласираше 35-40% од тутунот и 80% од вкупното

производство на цигари од друга страна и светската криза во потрошувачката на цигари и тутун, на чии пазари се продаваше една половина од македонскиот тутун, од друга страна, во 1993 и 1994 година во нашето тутунско стопанство предизвика големи нарушувања во пласманот на тутунот. Во магацините на тутунските претпријатија се најдоа околу 29 илјади тони залихи на тутун. Големите залихи на тутун на овие претпријатија им донесоа и големи главоболки. Ги натераа да бидат зависни од деловните банки кои со својата каматна политика преку ноќ ги опустошија, ограбија и донесоа на питачки стап, а тие станаа моќници во стопанскиот живот на Република Македонија, најголемата тутунска несреќа. Дали нашето тутунско стопанство можеше да го поднесе тешкиот удар од губењето на југословенските пазари и кризата со тутун на светскиот пазар, на кој како што реков се пласира половина од вкупното производство. Сметам дека можеше. Тутунското стопанство можеше да одолее на ваквата состојба ако државата имаше добра економска и аграрна политика. Со неа денес македонските банкари ќе немаа можности да кажат дека заради презадолженоста на тутунските претпријатија кон нив нема потреба од отворање на процесите на приватизација на овие тутунски претпријатија, дека тие се навистина претпријатија на македонските банки. Прашувам, со чии пари ќе ги грабнат овие претпријатија овие банки. Сигурно на овој план ќе каже нешто повеќе колегата Јаким Ивановски, пратеник овде и директор на Стопанската банка во Битола, каде што битолскиот "Тутун" е презадолжен.

На лошите состојби во тутунското стопанство му кумуваше и државата. По штрајковите на примарните тутунари, што беа организирани кој крајот на 1993 година, во знак на протест против ниските цени на тутунот и неговата ненавремена исплата, спогодбата што ја направија Владата, Народната банка на Македонија, деловните банки и Деловниот систем "Југотутун" за надминување на овие

проблеми, освен тутунските претпријатија за жал никој друг не ги спроведе во дело.

Тутунските претпријатија, спроведувајќи ја во целина оваа спогодба без сопствени средства и симболично учество на примарната емисија го откупија и исплатија сето производство на тутун од родот во 1993 година со ангажирање на банкарски кредити во износ од околу една милијарда и петстотини милиони денари и овие средства тутунарите ги добија во рок од 5 до 10 дена. Што <потоа се случи? Туту^ските претпријатија со овој кредит ја зголемија својата задолженост пред банките на две ипол милијарди денари што претставуваше 80% повеќе од откупениот тутун на овој долг во 199 4 година банките покрај тоа што инфлацијата беше под проектираното ниво од 55% му удри високи камати, што го симна околу 150%. Со нив задолженоста по основ на камати во 1993 и 199 4 година ја надмина вкупната реализација на тутун за двете години за 96%. Понатаму, овие банкарски камати ја зголемија вкупната цена на тутунот од 64 на 139 денари. Ако се има предвид фактот дека просечната продажна цена на тутунот од бербата во 1993 година сега изнесува 3,20 долари, тогаш јасно се гледа каде оди македонскиот тутун. Оди во загуба.

Покрај високите камати тутунското стопанство го отепаа и одлуките на Владата за укинување на извозните стимулации на тутунот и намалување на регресите на каматите. По двата основи се изгубени над 15 милиони долари. Невидени тешкотии на извозно ориентираното тутунско стопанство му донесе и депресивниот курс на доларот. Со паѓањето на моќта на доларот за 8% и кумулативниот пораст на каматите тутунските претпријатија од својата организација загубија околу 35 милиони долари или накусо речено со големите залихи на тутун превисоките со ништо неоправдани банкарски камати, депресираниот курс на доларот, намалениот регрес на каматите и укинатите извозни

стимулации, ферментираниот тутун од реколтата од 1993 година сега носи загуба од 3,17 долари за секој продаден килограм тутун.

Кога веќе се зборува за загуба патем ќе го кажам и тоа дека нашите тутунски претпријатија заради сето тоа во 1994 година завршија со загуба во износ од околу половина милијарди денари. Оваа загуба што е регистрирана во 14 од вкупно 21 тутунско претпријатие е осум пати поголема во споредба со загубата од 1993 година. Како и со што ќе ја покријат оваа загуба никој не знае и нека му ја мислат овие претпријатија.

Инаку кризата на тутунското стопанство продолжува и годинава, банките со своите камати што се за пет-шест пати повисоки од месечната инфлација продолжуваат со уништувачкиот поход на оваа стопанска гранка. На високите ненаплатени камати за откупениот тутун

за изминативе четири години нашиве тутунски претпријатија им се наѕидани нови камати во износ од околу 400 милиони денари.

Почитувани пратеници, овие состојби во тутунските претпријатија тешко го погодија и примарното производство на тутун и тоа како и тутунските претпријатија се наоѓаат пред ликвидација. За тутунот што тешко се откупува и уште потешко исплатува по ниски и нерентабилни цени од година во година има се помал интерес за производството. Намалувањето на тутунското производство од 35 илјади тони во 1986 година на 18 илјади тони во 1994 година се јасни сигнали дека работите во производството на тутун не ни чинат. И таа и оваа култура како памукот, сончогледот, сусамот, ржта, шеќерната репка полека исчезнува од македонските полиња. Ако не се најдат мерки и сили за стопирање на натамошното опаѓање на производството на тутун,никој од неговите 200 илјади сиромашни производители не знае како без тутунот ќе доаѓа до

II/5

лебот во ова тешко македонско време. Во изминатиот период тутунот даде значаен придонес во изградбата на нашата држава. Каде ќе беше таа и нејзиното какво такво стопанство ако не беа оние 70 милиони долари чиста просечна годишна заработка од тутунот, или какви, такви 200 илјади работни места во примарното производство, доработката, индустријата за цигари во Прилеп, Куманово и Скопје? Тутунот во Македонија изгради 20 тутунски претпријатија, толку современи заводи, три современи фабрики.

III/1.-ЈМ/МЛ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Имајќи го во предвид сето ова, пред Парламентот стои морална и народна обврска низ една рационална и конструктивна рас- права да понуди излезни решенија од сегашнава криза во која запад- на тутунското стопанство.

Господа пратеници, за тутунските проблеми Парламентот треба да расправа онака како што расправаше за 25-те загубари. Ако за нив можеа по итна постапка да се донесат соодветни закони за излез од нивните тешкотии, тоа може и мора да се направи и за тутунот. Тутунот е наша најголема фабрика. Инаку тешки тутунски проблеми кои пред се се од системски карактер, можат да се надминат само со интервенција на државата и нејзини директни мерки за оваа стопанска гранка. На овој план тутунарите денес и тутунските работници очекуваат да се донесат следниве мерки:отпишување на пресметаните камати на кредитите за откуп на тутунот за 1993-1994 година, репрограмирање на кредитите за залиха и производство на тутун во долгорочни кредити со поголем грејс период, воведување на укинатите извозни стимулации за ферментиран тутун, одобруваше на регрес на каматите на тутунските кредити, конверзија на кредити од примарната емисија во долгорочни кредити, намалување на каматите на кредитите што се наменети за откуп на тутунот и тие да се движат во висина на есконтната стапка, односно тие да бидат врза- ни со движењето на курсот на доларот, добивање државна гаранција за обезбедување на девизен кредит од странски кредитори строго наменет за производство на тутун. По итна постапка да се објави заштитната цена на тутунот и таа да важи како за ориенталскиот тутун, така и за широколисните тутуни. Тутунот се расадува, а се уште немаме заштитна цена. Натаму, зголемување на цените на цигарите кои не се зголемени од 1993 година и истото

зголемуваше да биде само за потребите на примарното производство. Воведување на премии за суров тутун и обезбедување на регрес за тутунското семе. За жал годинава ова семе е издвоено од системот на регреси во нашава држава. Ако тутуновото стопанство ги добие овие услови и погодности за работа, може да се излезе од неговото натамошно уништување. Во спротивно тутунските претпријатија и нивните кооперанти за производство на тутун ќе бидат ликвидирани.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници, тутунот, јагнешкото месо и виното се трите земјоделски производи кои што се извозно ориентирани, односно кои што носат девизен прилив на оваа држава. Сепак, од овие три, тутунот е тој што носи најголем девизен прилив, во 1992 година 106 милиони долари, а минатата година 97 милиони долари. Меѓу- тоа како што одат работите понатаму тешко е да се очекува дека овој девизен прилив ќе се оствари оваа година, или наредните години. Уште сега индивидуалните земјоделци, односно тутунопроизводителите најавуваат големи рестрикции на производствените површини кои што гледаме и во Информацијата се намалени од 24 илјади на 19 илјади ха. Ако вака продолжи, веројатно ќе се намалат уште повеќе. Што е причина за тоа? Се разбира е несигурниот откуп и нередовната исплата која достигна кулминација во оваа година. Како што се гледа и од Информацијата, иако им беше ветено на тутунопроизводителите дека ќе можат да остварат заштитна цена од 82 денари за килограм, што уште лани ја утврди Владата на Република Македонија, одвај е остварена просечната откупна цена од 59,84 денари за килограм. Тоа е помалку дури и од просечната откупна цена од 64 денари што ја предложија тутунските претпријатија. Состојбата во исплатата и откупот доста ја усложни и

неисплатената разлика меѓу заштитната и откупна цена што ја вети Владата во просек од 28% за секој килограм, или околу 360 милиони денари вкупно. Оттука сосема се оправдани реагирањата на тутунопроизводителите особено ако се има во предвид дека во сите земји во светот каде што тутунопроизводството опфаќа поголема застапеност се преземаат поголеми мерки на заштита. "Покрај мерки на заштита во Турција, Грција, Бугарија и други земји редовно се исплатува и премија за секој откупен килограм што ја одредува државата. Затоа и нивното производство е многу поконкурентно на светскиот пазар на тутун и цигари, наместо тоа кај нас не се исплатува ниту заштитна цена што веќе е утврдена, а знаеме минатата година е направена и рестрикција со Стабилизационата програма е укината дури и извозната стимулација која изнесуваше 17%. Очигледно е дека ваквата состојба треба да се менува и да се изнајдат соодветни решенија во нивно надминување, а пред се во изнаоѓање на сигурни извори на финансирање на откупот. Во спротивно може лесно да се случи оваа извозна земјоделска култура да се уништи што ќе значи губење на егзистенција не само на вработените во тутунското стопанство, туку и на индивидуалните земјоделци од кои што со тутунопроизводство се занимаваат околу 40 илјади домаќинства, или во просек по пет члена, околу 200 илјади жители во нашата држава. Се прашувам дали тутунот ќе ја доживее судбината на афионот чии што производи во светската литература се оценети како најквалитетни во светот, дали ќе ја доживее судбината на прочуениот и квалитетен македонски ориз, дали ќе ја доживее судбината на градинарското производство кое бележи огромен пад, или пак сточарството, а посебно во овчарството. Прашувам, од што ќе живеат граѓаните во Македонија кои што се занимаваат со земјоделство?

Како заклучок, сметам дека нема долгорочна аграрна поли- тика која што треба да се донесе во најскоро време. И како пример би навел, денес јадеме пилешко, свинско, јунешко месо од извоз и дали ќе ја доживееме и судбината во Македонија да се пушат цигари исклучиво од увозен тутун.

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Почитувани пратеници,почитуван потпретседателе, денес расправаме по Информацијата за состојбата во тутунското стопанство и откупот на тутунот за реколтата 1994 година и веднаш да нагласам дека се сомневам во нејзината целисходност од причина што сметам дека барањето за разгледување на една таква Информација беше поднесено со цел да се согледаат состојбите во откупот и пласманот на тутунот кои сметам дека беа крајно неповолни за тутунопроизводителите и да се преземаат соодветни мерки за правовремено разрешување во - моментот на самото одвивање на сезоната на откуп и пласман на тутунот. Денес, веќе целата оваа работа во поглед на откупот е завршена и можеби преостанува да се дискутира околу исплатата на онаа количина на откупен тутун која не е сеуште исплатена. А според сознанието тоа се движи некаде околу 50% и исплата на разликата од 18 денари по килограм помеѓу откупната и заштитна цена на тутунот. Без оглед на проблемите и тешкотиите со кои се соочува Републичкиот буџет од каде треба да се обезбедат средства, треба да се направат напори оваа разлика да биде исплатена и тоа директно на производителите како би се избегнала секаква манипулација на релација држава - откупни организации, тутунопроизводители. Со тоа истовремено ќе се создадат услови граѓаните производители на тутун да ги подмират своите обврски спрема Фондот за здравство и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Истовремено, ако веќе се констатира дека е доцна нешто да се направи за изминатата реколта, денешната расправа треба да се искористи и нешто да се направи за сезоната која е пред нас. Ако тутунот е стратешка суровина и за неа гарантира државата, тогаш надлежните министерства за земјоделство и стопанство веднаш мораат да се зафатат за разрешување на овој проблем во суштина и долгороч'6о. Мора да се респектираат сознанијата за намалена потрошувачка на цигари во светот како резултат на антипушачката кампања, силната конкуренција на светскиот пазар од соседите и другите земји производители на тутун и цигари, неповолната кредитна задолженост на откупните претпријатија и несоодветната каматна политика на банките, високите залихи на ферментиран тутун и намалениот пласман на цигари како резултат на состојбите во поранешните југословенски републики. Меѓутоа, уште повеќе треба да не загрижува сознанието дека производството на тутун има посебно место во вкупното стопанство и земјоделството во Републиката и во зависност од обемот на годишното производство тоа учествува со некаде 10% во вкупно остварениот општествен производ во земјоделството и посебно ако се респектира сознанието дека со производство на тутун се занимаваат, а тоа стои и во самата Информација некаде околу 40 иљади домаќинства на кои тутунопроизводството им е значаен, ако не и единствен извор на егзистенција. Поаѓајќи од овие и такви состојби во производството и пласман на тутунот, а со намера за разрешување на состојбите и елиминирање на незадоволството кај тутунопроизводителите, па и откупните организации неизбежно се поставува прашањето од донесување на законот за тутун во кој што системски, комплексно ќе треба да се разрешат сите овие проблеми, а сето тоа во интерес на субјектите кои се учесници во областа на тутунот. Со законот мора да се разрешат дилемите. Како прво, интересот на државата од производство

и пласман на тутун, соодветно на тоа и нејзината улога. Второ, колку и каков тутун ќе биде произведуван, трето, начинот на регулирање на цената и пласманот, четврто, начинот на организација на откупните претпријатија. Со еден збор уредување на односите држава - откупни претпријатија и тутунопроизводители и на тој начин елиминирање на слабостите, незадоволствата и неизвесноста кај актерите во областа на тутунот и посебно местото на тутунопроизводителите.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, јас слушнав овде едно изјаснуваше од страна на Тантаров за она што е поставено во разгледувањето за производството, односно во откупот на тутунот. Сметам дека поставеноста што ние ја поставивме, односно тој ја постави беше токму да се разгледа состојбата, но на тоа му беше одговорено толку колку што и беше поставено прашањето.

Второто што сметам дека е правилно беше она кое што го баравме откупот на тутунот. За откупот на тутунот е даден одговор таков колку што навистина сега е онака како што треба да биде. Сметам, краток, јасен и без многу да се распространуваме и да гледаме некои циркуси. Веројатно дека тука недостасуваше она што велиме ние техника, но техниката е таа која што секаде и во секои наши организации од тие 24 сите засебно, помалку, или повеќе имаат некакво отстапување. Ако кон ова поставено прашање во однос на откупот на тутунот како јас што гледам овде чисто и јасно се вели врз основа на член 457 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и заклучокот на Собранието на Република Македонија донесен на Седумнаесеттата седница одржана на 16 февруари 1995 година, во прилог ви се доставува Информација за откуп на тутунот во 19 94 година што Владата ја

предлага и ја усвои на седницата од 15 мај . Тоа е јасно веќе дека Владата ја усвоила и нема кого да напаѓаме, но мораме да дискутираме по она што е во нашите организации и она што недостасува во тие организации. Ценам дека тутунот во Македонија зазема посебно место. Кога го велам ова, треба да ги спомнеме оние 40 0 години од неговото воведување, или 120 години кога за прв пат се изградени првите магацини и до денеска во сите тие 24 градови изградени се магацини кои што нај- конкретно му служат на тутунот, тутунопроизводството и токму на оваа држава за остварување на тие девизи за кои што државата многу малку вложува во тутунопроизводството, така да речам од една страна на девизни средства, а многу повеќе зема. Не би сакал да ги повторувам зборовите на она за значењето на тутунот и севкупното значење, бидејќи доста од колегите се изјаснија по тоа. Но, само да спомнам дека се обезбедува извоз и прилив на девизни средства. Во тутунопроизводството наоѓаат егзистенција голем број на луѓе. Тутунот е од сезонски карактер каде што влегуваат не само производители кои што имаат одредена возраст и квалитети, но можат и деца и старци. Потоа, многу важно прашање е миграцијата село- град. За откупот на тутунот бидејќи беше изнесено прилично доста, не би сакал да зборувам, да ги повторувам зборовите што беа изречени, а мислам дека во самата Информација за откупот на тутунот содржи се, па според тоа и не би требало да се дискутира.

Само би рекол спрема изворите на информациите од Југотутутун од минатогодишната реколта откупени се 19 илјади тони тутун, или околу 94% од планираното. Исплатено е некаде 74% од вкупното производство, што значи останува да се исплати она што веќе е ка- ко разлика од цената на 64 до 82. За тоа сметам дека ќе го добиеме одговорот од Владата.

III/8.-

Јас поконкретно би се задржал на мерките на развој на производството на тутун. Развојот на производството на тутун ќе има суштествено значење во севкупниот развој на прилепскиот реон, па и пошироко. Затоа мерките што во идниот период ќе се преземаат треба да бидат добро проучени, разработени, насочени исклучиво кон економско стимулирање како на учесниците во примарното производство, така и на тутунските организации. Мерките треба да овозможат пред се рационализација на производството, намалување на трошоците на производство, а со тоа и хуманизација на трудот. Мерките треба да соучествуваат како во досегашниот период на транзиција кон ново стопанисување, така е во идниот период на сегашново така да речам пазарно стопанисување. Кога го зборувам ова мислам на системскиот третман на тутунот, цени, субвенции, заштита на тутнопроизводство. Тутунот претставува специфичен земјоделски производ кој не може да се поистовети со другите производи на пазарот. Големата разлика што се јавува помеѓу цената на тутунот како суровина и цигарата како готов производ е од извонредно значење за државата. Токму заради тоа тутунот мора да биде производ од посебен интерес за илегална трговија. Покрај тоа, тутунот е од бит- но социјално значење. Скоро во сите земји производители на тутун тутунското стопанство по правило е добро организирано во настапот пред државата, а заедно со неа и пред другите партнери. Институционалната регулатива со која се поддржува една добра организација на тутунското стопанство ја сочинуваат законите и мерките на економската политика кои ги донесува, спроведува, контролира државата, а кои што овозможуваат стандарден обем и квалитет на тутунот, стандардна продажба и услови за нивно зголемување. Без разлика дали тутунското стопанство преовладува монополско организирано, мултинационални компании или индивидуални форми секоја од земјите производители на тутун презема

мерки на поткрепа на тутунското производство. Така на пример можеме да ги земеме земјите како што се од соседите Грција, Турција итн., кои што имаат, па да речам дека и за Европската заедница кои што имаат издвојување дури и до 70% од цената на тутунот и се зависи од тековните трошоци на производителите и состојбата во продажбата.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:** (Продолжение)

Со воведување на премиите се одржува и зголемвуа производството на тутунот, а тутунот во обработката влегува со пониска цена, со што се намалуваат сите трошоци што произлегуваат од влезната цена: камата, кало и друго. Само на таков начин државна премија што навлегува во цената на готовиот производ, мислам на ферменти- раниот тутун, може да се обезбеди тутунот да биде конкурентен на меѓународниот пазар.

Примарното производство е дел од вкупната репродукција на тутунското стопанство и врз него се заснива целиот репродукционен циклус во кој земаат учество и обработката на тутунот, прометот на тутун и цигари и самата држава. Примарното производство ја остварува основната вредност која во понатамошната обработка и преработка на тутунот создава нови вредности. Затоа во сите организациони и општествени примарното производство на тутун е посебно негувано, одржувано со посебни субвенции и заштитни мерки. Без изградена стратегија во ова производство од аспект и поддршка во услови кога нашата земја ги има сите атрибути на самостојна држава, воопшто не е можно стабилизирање ниту развој на тутунопроизводството. Стимулациите во услови на пазарно стопанисување треба да се ориентираат во системот на репродукционата целина што ја чинат споменатите субјекти, обработката, фабрикацијата, прометот, заедно со државата.

Според согледувањата на одделението за економија при Институтот за тутун, можна е субвенција и до 20 односно 30% која ќе биде во склоп под односно би била во вид на премија, а исплатена на самите тутунопроизводители.

IV/2.-

Во залагањето на диференцирање на политиката на цени во областа на тутунот кај нас мораме да поаѓаме од состојбата на производството во Прилепскиот, Радовишкиот, па така да речам и целиот циклус во целата земја, а значењето што тоа го има како за цела наша држава , како и од неговото значење како фактор на санирање на можните социјално-економски тензии, како и стабилизациониот фактор кој придонесува за независен и подинамичен развој на целокупното наше стопанство.

Посебно внимание треба да се посвети на објективното утврдување на заштитната цена на тутунот. Таа бара неопходно да се утврди вредноста во структурата што ја сочинува оваа цена. Потоа треба да се дефинира дали гарантираната цена ќе биде егзистенционална, да ги покрива само потребите за тоа време или преосперитативна, развојна, која «е овозможи стабилизирање на производството и неговиот понатамошен развој од оптимален обем, што е во согласнсот со можностите на пазарот. Заради тоа важно е најнапред да се расчистат објективните основни чинители што ја прават производната цена, а тоа значи утврдување од сознавањето од обемот на производството на тутун во просечен кооперант, во просечни површини, како и основа за утврдување на вкупен приход и доход по кооперант, утврдување на времето на ангажирање на работната сила во циклусот на примарното производство, дефинирање на сложеноста на трудот што се вложува во производството на тутунот, утврдување на материјалните трошоци на производството, а тоа е формирање на производствената цена на примарното производство. Сите овие вредносни параметри што ја чинат производствената цена треба да бидат поткрепени со повеќе алтернативни аргументи добиени со научно истражувачки анкети и друго. На ваков начин можно е утврдување на заштитна цена која ќе мора да има карактер и на развојна цена.

Само за пример да го кажам следното: Ако цената на тутунопроизводството, посебно ако еден тутунопроизводител кој може да произведе и при нај нормални услови и соработка од 8 часа и повеќе 360 килограми, денешната цена која сега ја исплатија тутунските организации, која е иста она што самите ја гарантираат од 64 денари, јасно ни зборува дека само еден тутунопроизводител работел само за едно пакло цигари кое што изнесува токму 55 денари. Ако тоа го помножиме или го поделиме со 365 дена, остануваат 5 денови за кои нема да пуши. За друго не знам дали останува нешто. Заради тоа воспоставувањето на паритет кај тутунот е важно и со другите земјоделски култури, но само во однос со претходно утврдената цена. Сегашната заштитна цена на тутунот се утврдува на ниво износ на пазарни цени, а во светот такви- те цени се утврдуваат многу повисоко , дури над 70% од пазарните цени. Покрај тоа од значење е и навременото донесување на откупните цени на тутунот во почетокот на годината, бидејќи во спротивно се намалува бројот на заинтересираните производители.

Кога зборувам за цената на тутунот веднаш се навраќам на оние години кога било кои да ги земеме во циклус на производство ќе видиме, тогаш кога цената била соодветна на вложениот труд, идната година веднаш имаме зголемување на производството на тутун.

Нема да ми биде срам ако кажам дека во тутунските комбинати договорите се толку малку, така да ако Прилеп имаше 16 илјади договори тие во десетина години наназад се ближеа некаде на 10 илја- ди или производството на 5 илјади хектари денешното, односно вчерашното беше на 6 илјади производители. Да не зборувам за бројот на хектарите, до денес кога ние секогаш велиме дека производството или договорите треба да се заклучат до одреден рок, сметам дека немаме ниту 3 илјади договори. Што значи тоа? Во оној производствен

реон каде  навистина 120 години се негува и живее еден град , живее државата и досега можеше да се рече дека и државните каси мирисаа на тутун, денес мислам ќе биде она повратното каде токму оние 250 илјади тутунопроизводители ќе сакаме да бидат, но какви работници,стечајни ли се тие работници или тие ќе бидат токму безработници кои утре ќе се најдат токму пред овие врати за да можат да го искажат својот револт и незадоволство.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Добро е што со едно мало задоцнување расправаме за едно витално прашање, а тоа е состојбата на тутунопроизводството како дел на вкупната состојба на земјоделството кое е западнато во една незавидна ситуација.

Земјоделецот во овие последни години, верувале или не не знае што да произведува. Не се осеќа сигурен во откупот и наплатата скоро на ниедна култура, а од друга страна  смета дека е изманипулиран, не сигурен, дека трудот што го вложува преку цела година на крај нема да му се плати или пак ќе биде минимална заработувачката, што не му гарантира сигурен опстанок. Во таква, ако не и полоша состојба се наоѓаат и тутунопроизводителите. Од година во година производството на тутун во нашата држава опаѓа за разлика од порано кога тутунот заземаше посебно место во структурата на земјоделското производство.

Само ќе споменам дека во Битолска општина во 1994 година се откупени за 30% помалку тутун за разлика од 1993 година, а во оваа година тој процент веројатно ќе се намали и на 50%, а веќе во наредните години се планира и засадување на тутун на уште помали површини, во колку не се спроведе една подолгорочна стратегија околу производството на тутунот. Вака рапидното намалување на тутунското

производство секако произлегува од ниските цени од минатите години и не навремената исплата на тешко изработениот тутун, како ред други односи на релација производител откупувач. Кулминација достигна оваа тутунопроизводна година каде сеуште не е исплатен овогодишниот тутун. Имено во општината Битола откупени се околу 1300 тони ситно-листен тутун од сортата Прилеп и околу 35о тони од сортата Вирџинија. Просечната цена е околу 51 денар односно на Вирџинијата 52 денари, што е испод онаа гарантирана цена. Од ситнолисниот тутун вкупно досега е исплатено 5 0% од вкупната вредност, а воопшто не е исплатена разликата од 28% што треба да ја плати државата односно од откупната до гарантираната цена.

Сега сме месец мај и секој тутунопроизводител треба да си го планира производството за оваа година. Како може да планира култура која сеуште не е исплатена и од каде тој ќе инвестира во новототутунопроизводство кога неговите борџови и натаму остануваат, а не е можно да ги наплати.

Почитувани пратеници, почитувани претставници од Владата. Се декларираме како земјоделска држава и од тоа не можеме да бегаме. Сепак земјоделието во нашата држава ни претставува една од по сигурните грани каде навистина се исплаќа да се инвестира. Мора по стутиозно да се навлезе во решавањето на оваа проблематика. Не е решено ако се носат некои периодични одлуки кои немаат подолгорочно значење. Доколку не се најде брзо решение со исплатата на тутунот сигурно ќе доведе до намалуваше на површините и во оваа година како и во наредните а знаеме од какво економско и социјално значеше е тутунот во нашата земја.

Може многу да се кажува за тутунопроизводството но со тоа само ќе се повторуваме, а производителите на тутун го очекуваат исходот од оваа седница, дали нивниот предаден тутун ќе биде во најскоро време и наплатен.

IV/6.-

Што се однесува до информацијата која ја добивме денес, за мене оваа информација има добри податоци, меѓутоа едно не достига. Ако има такви податоци министерот не е лошо да ги изнесе.

Во делот каде пишува - претпријатијата што вршат откуп и преработка на тутун, заклучно со 12.о5.1995 имаат добиено по основа на продажба на ферментиран тутун во износ од 416 милиони денари или 92, 44% од вкупно предвидените 450 милиони денари.

Подолу во информацијата каде пишува - од оние откупени количини претпријатијата имаат пресметано обврски за исплата на производителите на суров тутун, вкупно 1120 милиони денари, а исплатени се 885 милиони денари. Остануваат уште 235 милиони денари.

Министерот да 5а ги претстави општините односно оние откупни станици на кој колку му е поделено за да имаме една информација каде се проблемите поголеми. Овде излегува дека 92% од вкупната сума на средства веќе се префрлени на откупните станици односно монополите, а долу се случува друго.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред да почнам со дискусијата само би напоменал дека минатата година единствено во земјоделието имаше пораст 1,8% и дека тутунското стопанство во општествениот производ на земјоделието учествува со 9,6%, а вкупното земјоделие во општествениот производ е околу 30%. Само како потсетување за односот 1993-1994 година.

Второ сакам да потенцирам дека пристапот во подготвувањето на Владата за оваа седница поаѓаше од тоа дека е неопходно да се

направи разлика меѓу проблемите на примарното производство и тутунопроизводителите, од она што е организираше на тутунското стопанство. Значи мора да направиме таква динстинкција кога разговараме за да не бидат сите работи ставени во еден кош и да не можеме да видиме каде се правите проблеми, бидејќи еден дел од прашањата што се поставуваат во врска со тутунското стопанство се прашања за целото стопанство и се дел од макроекономската политика за 1995 година. Заради ваквиот пристап Владата ги разгледуваше прашањата во врска со тутунското стопанство и како што е наведено во информацијата се виде дека постои намалување на површините под тутун од 18,1% . Во соработка со ресорните министерства следејќи ја состојбата на тутунското стопанство посебно во делот на примарното производство уште во април месец 1994 година ја донесе заштитната цена од 82 денари што претставуваше 36,6% повисока цена во однос на 1993 година. Меѓутоа во периодот ноември - декември беше најавено дека постојат големи проблеми за организација на откупот и дека може да се случи од вкупните претпријатија да не почнат со откуп на тутун. Заради тоа беа напра- вени неколку средби со претставници о од Владата и од откупните организации и од тутунопроизводителите и според тие податоци во информацијата јасно е дадено дека во 25-те откупни претпријатија склучени се 35.444 договори со производителите и дека евентуално некаде околу 2.200 производители се без договор со некоја количина од 1.250 тони суров тутун. Заради тоа се разговараше за проблематиката како тие оквирно 20 илјади тони тутун ќе се реализира нивниот откуп во 1995 година. Истовремено бевме информирани дека откупните претпријатија веќе имаат склучено договор со цена од 64 денари. И покрај тоа што се склучени договорите дека поради нивните проблеми нема да можат да пристапат кон откупот.

IV/8.-

Како основни причини за проблемите во кои се наоѓаат претпријатијата беа наведувани неколку, меѓутоа главните 4 се потенцирани и тоа прво дека постои голема залиха на ферментиран тутун во износ од 29 илјадни тона. Второ дека постои голема кредитна задолженост, дека не постои можност за поголем пласман на тутунот, посебно во делот на поранешните југословенски републики и на тој дел опаднатa е цената на тутун и цигари и последното дека постои голема конкуренција, пред се ценовна конкуренција од другите земји и дека со онаа цена со која се настапува тешко може да се обезбеди поголем извоз на тутунот.

Владата имаше разбираше за овие проблеми и бидејќи постоеја залихи од 29 илјади тони ги прифаќаше проблемите за пласманот. За тоа понуди преку дирекцијата за стокови резерви во вредност од 450 милиони денари откупи ферментиран тутун, со што ќе се помогне на откупните организации да имаат готови средства да го платат тутунот. На тој начин ако се види количината на откупен тутун , тоа е 19 илјади тони и обврска од 1120.000, 000 денари. Значи веќе Владата со тој износ учествуваше во откупот и готови средства да им се платат на тутунопроизводителите.

Според информацијата и откупните претпријатија имаат ангажирано свои средства да ги платат преземените количини од тутунопроизводителите.

Истовремено бидејќи откупните организации имаат склучено договор дека наплатата ќе оди после 60 дена, а доколку се пробие таа наплата ќе се пресметува камата и дека е тоа дел од договорите помеѓу откупните претпријатија и производителите, се пристапи кон тоа, она што ќе биде откупено во дирекцијата за стоковни резерви да може со

определени дисконти да се продаде или извезе, или евентуално да се покријат определени набавки во рамки на државните органи, со што, со истите средства ќе може да е пристапи кон наплата на разликата што е обврска на Владата . Тоа значи цена од 82 денари откупна и 64 денари колку што имаат откупните претпријатија.

**РИСТО ИВАНОВ**: (Продолжение)

Меѓутоа, бидејќи одредени рокови за наплата на она што можеше во овој период да се наплати се пролонгирани, а целата оваа работа требаше да заврши заклучно со 31 мај 1995 година, односно дел од задачата, првиот дел од задачата да се обезбедат 450 милиони денари за откупните организации со откуп на тутун е завршена. Тоа е 92,44% до 12, до крајот на месецот тоа ќе се заврши. Единствено од сето ова што беше планирано ќе има пробив некаде околу 20-30 дена во делот каде што би требало овие средства уште еднаш да се завртат за да може разликата што е овде дадена, сега по новите податоци не е 314 туку е 305 милиони денари да биде дадена на производителите со што обврската на Владата во однос на производителите на тутунот ќе биде реализирана.

Овде би сакал да напомнам дека ова е првпат Владата директно да вложи средства во тутунопроизводството и да помогне во откупот. Ако се земе во износи на средства, во првиот налет е некаде 13 милиони долари, во оној дел покривање на разликата сигурно уште 10 милиони денари, значи еден износ на средства што во 1995 година е ангажиран за откуп на тутунот од родот 1994 година. Значи, во делот на нашите обврски како Влада би можел да речам дека, само поради објективните проблеми тој цел пакет на пласман на средства по тие два основи ќе претрпи одредено пролонгирање од 20 до 30 дена, а обврската тоа да се плати останува.

Што се однесува до оној дел на прашања што беа поврзани со каматите, она што беше поврзано со намалување на едно место да се даде, на друго место, околу извозните стимулации, би сакал да потсетам дека всушност тој дел од проблемите се проблеми на цело стопанство. Макроекономската политика е дефинирана. Дефиниран е буџетот на

V/2.-

Република Македонија и истовремено пропратните документи за утврдуваше на кредитно- монетарната политика пред Собранието беа презентирани и усвоени. Во тие документи јасно беше кажано дека можност за селективно кредитирање не постои. Беше утврден износот на извозни стимулации, од прилика колкав е тој износ за да се наплатата. Ако се оди со предлози од типот што овде беа кажани, да се вратат селективните кредити, да се оди со регрес на камати, тогаш би требало да се стави на дневен ред макроекономската политика, а не само оваа проблематика.

Второто прашање, односно Предлогот да се покријат каматите од минатите години не е доволно. Треба да се каже од кои извори. Рековме дека целокупното финансирање во државата ќе се наоѓаат реални извори и ако се предложи отписна камата, треба да се каже од каде тоа, кој тоа ќе го покрие.

Заради тоа сметам дека постојат изразито големи проблеми во стопанисувањето и тоа не само во тутунското стопанство, но би требале да имаме предвид да направиме јасно разграничување: нашата желба да се помогне директно на примарното производство и воопшто макроекономската политика што се води во државата за спроведување на одредени реформи.

Околу прашањето за информација, подготвен сум таа информација што се однесува до Дирекцијата, колку е извршен откуп да ја дадам на пратеникот. Во делот на откупот во рамки на откупните организации, сепак мислам дека во деловната единица "Југотутун" би се добиле подетални и попрецизни податоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Славчо Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитувани пратеници, во претходните дискусии доволно беше речено за тутунот, за проблемите, меѓутоа должност ми е како пратеник во кратки црти да дадам образложение за состојбите на тутунопроизводителите во Радовиш.

Незадоволството на тутунопроизводителите во Радовиш беше на начин кој што не прилега, така што преку одборниците на Градското собрание беше закажан состанок, заедно со Здружението на тутунопроизводителите на 15.05. во општина Радовиш. Имено населението на општина Радовиш претежно се занимава со тутунопроивзодство како примарна земјоделска култура во чиј прилог е и досегашната хидролошка состојба на државата. Во 1994 година општина Радовиш откупи 3.350 тони тутун со просечна цена околу 64 денари, бидејќи тутунот е од висок квалитет, чиј квалитет ќе се запази и во следната реколта 1995 година, меѓутоа дали количински ќе биде таа висина застапена, зависи од цената од 1995 година и исплата на премијата за 1994 година. Во спротивно, може да се случи да се зголеми бројот на корисниците на социјалната помош, зашто овие фамилии размислуваат за подобностите и користа што материјално ќе ја имаат кога би ја обработувале земјата,а што кога не. На тој начин ќе создадеме вештачки официјални случаи од работоспособни, односно вредни земјоделци.

Имајќи ја предвид тензијата во општината, поттикната од незадоволството на тутунопроизводителите за ветената и неисплатена разлика по килограм тутун, односно од заштитната до откупната цена и инаку во нашата општина тутунот е целосно исплатен по 64 денари, се плашиме дека ова незадоволство може да предизвика и несакани последици. Знаете, порано во Радовиш имавме случаи на штрајкови, токму од тоа и сега се плашиме.

V/4.-

Врз основа на тоа на оваа седница беа донесени следните заклучоци, бевме задолжени двајцата пратеници во Собранието од Радовиш, јас и Чифлиганец да инсистираме до соодветните институции за исплата на разликата во пократок временски рок, т.е. итно.

Втор заклучок беше Владата на Република Македонија и Собранието на Републиката да го интензивираат донесувањето на Законот за тутун и

- Трет заклучок, заштитната цена на тутунот за 1995 година да изнесува овогодишната, 82 денари, плус зголемување на животните трошоци.

Не би сакал повеќе да дискутирам, само би предложил на Собранието да го прифатиме заклучокот на Комисијата за земјоделие за да можеме да завршиме, бидејќи со оваа проблематика можеме да се справиме цел ден.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Димче Настоски.

Со ова листата на пријавени кандидати за дискусија е исцрпена.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници, јас ќе бидам многу краток во својата дискусија, Можеби, ако министерот излезеше порано да одговори на дел од прашањата можеби немаше ни да се јавам за дискусија затоа што дел од прашањата што мислев да ги поставам беа содржани во неговите одговори, но едно мора да се каже.

На пример, оваа информација е одлична ако Владата ја правела за статистичкиот завод на Македонија. Додека за нас како пратеници како тутунопроизводители многу малку дава и многу малку на тутунопро-изводителите кажува. Јас би имал три конкретни прашања до Владата,

иако реков дека дел од одговорите беа содржани во одговорот на министерот.

Прво, која е стратегијата на Владата и на државата воедно, колкава количина на тутун е потребно на државата за извоз и колку може државата да откупи. Да знаат тутунопроизводителите па и тутунските претпријатија каква е стратегијата на Владата во тутунопроизводството.

Второто прашање произлегува од материјалот што го имаме доби ено тука, дека, меѓутоа, со дополнителни активности, ова го цитирам од извештајот, што ќе се преземат ќе се обезбеди продажба на ферментиран тутун, со кои средства се овозможува сигурност за исплата на разликата меѓу заштитната и откупната цена на индивидуалните производители.

Кои се тие дополнителни активности што ќе се преземат и дали може Владата терминолошки, со рок да определи до кога ќе ги исплати разликите на цените помеѓу откупната и заштитната цена. Односно оние 28 денари што се предвидени за да од овде ние, после оваа точка излееме со јасни ставови пред тутунопроизводителите дека до тогаш Владата ќе успее да го обезбеди оној потребен број ан средства.

Ние можеме овде за тутунот да зборуваме до утре, но од тоа тутунопроизводителите ќе немаат никаква корист. Нив ги интересира за она што го сработиле кога ќе си го добијат заработеното. Дали може да се терминира тоа, да се рече од тој до тој рок,Владата ќе исплати но пожелно е тоа исплаќање да оди на тој начин како што вие го предлагате. Средствата да одат директно кај тутунопроизводителите, индивидуалните тутунопроизводители, а не преку тутунските комбинати за тоа што пак ним да не им се створат обртни средства за работа а тутунопроизводителите пак да ги добијат многу подоцна.

V/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, дами и господа, вклучувајќи се во расправата за прашањето што е денес на дневен ред веднаш на почетокот да кажам на дневен ред имаме Информација за состојбата на тутунското стопанство и откуп на тутунот во 1994 година, а фактички нам денеска ни е понудена информација за откупот на тутунот од 1994 година. Не сакам со ова да изнесувам некоја критика до Владата, туку само една добра намера, треба да ги разликуваме работите за што расправаме што ни е понудено.

Не навлегувајќи длабоко во Информацијата за откуп на тутунот, претпоставувам дека таа е со податоци дадена точно онака како што стојат состојбите. Меѓутоа, мислам дека не е даден одговор на тоа за што ние треба да расправаме. Колегата претходен пратеник постави доста убави прашања, постави добри прашања од кои што мислам и јас дека од тука треба да се поаѓа во врска со разрешување на прашањето што е денеска на дневен ред.

Прашањето на тутунското стопанство не случајно се поставува денеска тука. Тоа се поставува токму од таа причина што имаме потрес од ангажирање работна сила во тутунското стопанство. Состојбите денес ка нам ни се такви што ние мораме, она што некаде до 1980 година го немавме денеска го имаме. Јас би рекол до 1980 година имавме недостиг на работна сила во земјоделството, а денеска ни е обратен случај. Сите стечаи, јас велам дека токму сега повеќе тропаат на вратите на земјоделието, а не на другите врати, бидејќи другите врати се затворија. Од тие причини ние треба сите да чиниме напори. Во никој случај не смееме да ја обвинуваме Владата. Владата, баш напротив би

рекол дека има направено поголеми напори во текот на оваа и минатата година по однос на ова прашање. Меѓутоа, поаѓајќи од состојбите,мора да кажеме дека тоа е недоволно сеуште затоа што состојбите ни се такви. И што мора сега, мора да најдеме начин како да излеземе од овие состојби, како да придонесеме, социјалата што ни се создава фактички да ја смениме, да ја упатиме во производството и помалку тие социјални проблеми да ги затвараме.

-Јас би рекол дека и во однос на таа социјална програма, мислам дека можеме да направиме доста, мислам дека Социјалната програма што ја имаме недоволно сме ја разработиле. Зошто? Од една страна, иако не е тема на разговор, меѓутоа бидејќи е поврзано со ова, сепак би кажал нешто, наместо луѓето да ги тераме да работат, ги тераме сега да не работат, бидејќи повеќе имаат сметка луѓето да не работат, да ги земаат средствата на име социјална помош отколку да работат. Заради тоа велам дека дел од средствата од таа социјална програма можат да се насочат ваму. Но, тоа треба со стручни анализирани потези да се направи и на тој начин ние ќе можеме дел од тоа работоспособно население, од таа работна сила што се нуди, која тропа по сите врати и бара егзистенција, сосема исправно, маса луѓе трчаат и бараат, мора да најдеме начини како тоа да го решиме.

Е сега, каде лежат работите. Сигурно дека ќе мора да направиме обиди дел од премиите, заштитната цена, регресите, уште повеќе ги насочиме средствата таму, во тој правец. Тоа се познати работи во светот, во аграрната политика во светот. Сигурно нема ние да ја откриеме Америка. Во таа смисла бидејќи јас ќе кажам само нешто некаде во 1965 година Америка даваше 5 милијарди долари аз премии и регреси во земјоделието. Според тоа сите земји водат една таква политика, свесен сум дека ние не сме во состојба толкави средства да даваме во тие насоки, меѓутоа нешто мора да правиме. Подобро да

имаме работници него неработници кои ќе лежат и бараат социјална помош.

Е сега, има едно интересно прашање кое е многу корисно и може да послужи како патоказ како да ги решаваме проблемите. Не знам толку, но подрачјето од каде доаѓам повеќето, барем Западна Македонија нашите работници сезонци одат во Италија и работат токму тутун. Ништо друго туку само тутун. Каде е рачуницата на тие луѓе. Тие луѓе знаеме под какви услови живеат, живеат во многу тешки услови, спијат верувајте дури некои и на гробишта, меѓутоа,сепак на крајот се задоволни ако успеат да влезат во Италија и да донесат за тие 5 или 6 месеци 5 или 6 илјади марки. Сега, како Италија успеала тоа да го направи, тие 5-6 илјади марки нашите луѓе кои одат таму ги заработат и донесат ваму, а ние не сме во состојба толку пари да обезбедиме на луѓето. Сигурно дека ќе треба нешто да испитуваме, анализираме како се постапува таму. Таму луѓето, тутунопроизводителите не водат никаква сметка за тоа каде ќе го пласираат тутунот.

Ние сега ги знаеме состојбите какви се. Еве, во општината не знам колку нашата општина во Дебар иако не е некое познато производно подрачје за тутун, иако своевремено било, произведуваше околу 300 тони суров тутун, сув суров тутун, меѓутоа денеска тоа опадна поради сите овие проблеми тој интерес опадна, но може да се прошири бидејќи состојбите се такви, Италија се затвора, сведоци сте, следите какви се состојбите, па мислам дека е умесно и добро да видиме како Италија го има решено проблемот. Реков, за пласманот тие не знаат што е проблем со пласманот. Државата го има регулирано проблемот и понатаму е нејзин проблем, односно проблем на таа политика, на тие стимулации итн. како и што. Меѓутоа, производителот нема. Дури, можам да кажам дека Италија, според оние сознанија што ги имам и во технологијата има отидено многу напред. Тутунарите може ќе ми замерат ќе кажам некои

работи што подобро ги знаат, меѓутоа таму состојбите се сосема други во тутунопроизводството. Верувајте, потрошувачката на вештачки ѓубрива за што понекогаш, ми се чини во минатиот состав кога се расправавме за заштита на човековата околина, па зборувавме, дури се ангажиравме за тоа да не ги употребуваме многу вештачките ѓубрива, таму со многу големи количини вештачки ѓубрива се употребуваат во тутунското производство се со цел да се постигне поголемо производство.

Како тоа го прават? Го прават, значи нашле начин а ние треба да видиме како ги нашле, да испитаме и да понудиме решенија што ќе бидат интересни за нас сите. На тоа не тераат условите во кои живееме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Паунов.

VI/1.- РД/ЉР

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници, Оваа точка на дневен ред Информација за откупот на тутунот мислев дека требаше да опфати нешто пошироко од оваа што е Информација дадена, ако таква ја прифаќам. Мојата дискусија, односно прашање се упатени до Владата на РМ, бидејќи Информацијата е од Владата на РМ.

Цената која е на некој начин договорена со индивидуалните производители, ако извршиме анализа ќе видиме дека производи- телите на тутунот се во загуба. Нема мерка за производство. Меѓутоа, си земаме за право да кажеме 60 дена ако се предаде тутунот не се наплатува камата, а после 60 дена до 120 дена ќе се плака банкарска камата. Која е таа банкарска камата што се плаќа? Банката што ги плаќа средствата по видување, таа ли е банкарска камата, или онаа камата што ја пресметува банката. Во секој случај земјоделецот е оштетен, односно тутунопроизводителите. Па мислев дека требаше да биде денеска и еден пресек да ја имаме структурата на цената на трошоците на производството на тутунот да имавме нешто некоја гаранција со некој рок до кога средствата ќе им бидат исплатени на граѓаните, на тутунопроизводителите од производството за 1994 година до кој рок и од кои средства.

Веднаш кога сум тука мислам дека голема неправда правиме према ова население. Тоа е најсиромашното население, а средствата кои ги добиваме од странство потпишуваме повеќе договори и имаме за кредити, а од овие кредити привремено да се одвојат средства да се ублажи ваквата состојба на земјоделците. Значи од овие средства би можело тоа да се направи. Мислам тоа решение би требало да се направи и тоа треба по брза постапка да се реши, да не се случуваат

нереди. Овие земјоделци се домаќини, тие се вредни работници меѓутоа приморани се да ги бараат своите права на начин непожелен. Мислам не би треблао да дозволиме ваква состојба. Треба од вакви средства да бидат обезбедени. Мислам дека требаше нешто да биде кажано и за идната година за производство, односно за оваа година, веќе е на прагот сеење, расадување на тутунот што ќе биде наредната година, односно при крајот на годината со производството за 1995 година. Дали на државата Македонија и е потребно такво производство тутун или намалено и колку да биде намалено производителите на некој начин би требало да знаат каква е состојбата. Мислам Владата треба исто таква програма да даде, да даде еден просек за повеќе години колкаво треба да биде производството и каде ќе се пласира и на некој начин во иднина да не дојдеме во ваква положба, туку да биде гарантирана цената.

Она што беше дадено во заклучоците го прифаќам само со тоа да се стави рок до кога ќе се обезбедат средства и да се исплатат на граѓаните друго, за донесување на законот за тутнопроизводство до кога законот да се донесе. Пет години Владата го предлагаше. Собранието не го донесуваше законот за тутун. Дали сега треба уште 5 години да чекаме да се договарам. Мислам по брза постапка Законот треба да биде донесен и треба да бидат уредени овие прашања со закон ако ни треба такво производство, ако не да ставиме во програма и да им јавиме на граѓаните дека тутун не ни треба, имаме поевтин увозен тутун и да си бараат решение друго, а не да произведуваат тутун да одат на оваа тешка макотрпна работа и на крај да останат без средства. Замислете, еден од нас од пратениците еден месец да не зема плата колку е тешко, какви проблеми настануваат дома и и воопшто, а како земјоделецот цела

година вложувал средства, а ништо не добива и каква ќе биде сега иднината за сеењето на тутунот од каде средства, овие средства што ги заработил не може да ги добие, а камоли да добие кредит на некој начин и аванс за да може сеидбата да ја изврши оваа пролет 1995 година. Јас мисла мдека во заклучоците мора предлагачот односно Владата да прифати некој рок граѓаните да знаат до кога ќе им се исплатат неисплатените средства и до кога ќе се донесе законот за тутунот.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани пратеаници, не би сакал да се сфати тоа како зајтлива реплика но принципиелно конструктивно мое гледање. Се прашувам во оваа сала пред овој Парламент дали има човек да одговори конкретно стручно, одговорно дали од оваа седница ќе излезе овој заклучок дали ќе исплатиме да и до кога. Према она што дискутираше министерот за стопанство г-динот Ристо Иванов добив одговор дека разликата од откупната цена до заштитната цена нема дилеми. Значи треба јавноста јасно и гласно да се каже за тоа што видовте и во некој дискусии провејува ќе има несакани последици. Ако нашиот граѓанин не може да се стрпи за 30 дена, што рече министерот г-динот Иванов дека за мене е втората половина Јуни ќе се исплати заштитната цена, значи нема проблеми еден проблем сме решиле.

Втор проблем понатаму законот за тутун, долгорочно итн. Тоа е едното. Второто што се јавив тоа е во ред, договорот е јасен и кажан пред оваа говорница и верувам дека тоа ќе го изгласаме, тоа значи во заклучоците од Комисијата, односно Парламентот треба да каже заштитната цена ќе се исплати разликата од откупната до заштитната цена во втората поливана на месец јуни. Тоа е економската состојба на РМ буџет, банки итн. да не го повикуваме сега премиерот да ни каже од

каде сега пари. Тој е одговорот преку Министерството за стопанство на Владата на РМ. Јас од ова место доколку има некој сомневања од каде средствата и пратеникот Паунов го додирна тоа прашање. 9 милиона долари за секој десетти граѓанин на РМ да заживне во месец мај, јуни па и понатаму. Значи 9 милиона долари а јас иамав една информација не званична пред Собранието на Стопанската комора дека наши некој деловни банки македонски држат депозит во странство за 4 до 5% годишна камата. А јас се прашувам ако имаме ние власт, кога вика власт не мислам со сила, зошто не се излезе во пресрет како можен извор со тие 9 милиона долара да се ускокне за месец дена затоа што од стоковните резерви ќе добиеме одговор не можеме преку ноќ да го извеземе тутунот. А тоа е така треба да се добие цена итн. Значи да можеме уште два - три месеци да си дадеме фора. Второто решение нашите стопански субјекти исто така веројатно со разговори во Владата со соодветните министерства можат да обезбедат дел од овие средства во оние општини да се датира. Трето, јас со 9 милиона долара кога веќе имаме средства и во магазините во тутунските претпријатија роба не за 9 туку за 50 милиона долари зошто од буџетот, односно од резервите за месец - два и три додека се извезе тутунот да се реши проблемот. Значи, би сакал во тој момент така да размислуваат и деловните банки и наши стопански субјекти и на крајот државата да ускокне затоа што се работи за 250 илјади граѓани, односно тутнопроизводители.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседавач без претенции за повторување ќе коментирам со информацијата и со предложените заклучоци од Комисијата, веднаш да кажам дека наполно се согласувам со последниот дискутант и она што го предложи самиот министер за стопанство да се

конкретизира рокот на исплатата односно разликата на откупната и заштитна цена. Фактички ако коментираме со самата Информација која има свои недостатоци во делот на опфатноста и комплексноста, мислам дека заклучоците го даваат ефектот на тоа што се сака да се постигне со оваа информација и која е надлежноста на Парламентот по однос на тоа прашање. Првиот ефект е неминовен ова што претходно го кажав она што најактуелно најприсутна потреба и интерес за тутнопроизводитлите по овој заклучок за рамковно конкретизирање на рокот за исплата на откупениот тутун, онаа разлика да се утврди со еден заклучок и од Парламентот.

Втора работа, она што е работа на Парламентот и по повод оваа Информација да се потенцира неопходноста од што побрзо донесување на Законот за тутун. Една работа која што содржински се вбројуваше во 90% од дискутантите, мислам се отсуствува и нема да биде забележителна со еден конкретен заклучок, ако не се предложи, еве јас иницирам. Видете ние имаме во оваа Информација неопфатеност на состојбите и на вистинските причинители кои што по разни основи најавтентично по Информацијата од асоцијација Југотутун за вистинските состој би и причинители за вака тешката состојба на тутунопроизводителите, визави тоа и на состојбите материјално - финансиски на претпријатијата што произведуваат и вршат откуп на тутун. Многу дискутанти ја искажаа таа состојба и причините за таа работа, а и одговорот на министерот Иванов беше коментирано истото, сметам дека се искажа една состој ба која што кратко кажано може да се утврди дека заради економските мерки на Владата западнато е во тешка состојба тутунопроизводството и самите претпријатија, со каматната политика, со учеството на примарната емисија во конструкција на средства за откупот, со намалување на регресите на каматите за

користени кредити за производство на откуп на тутун со намалување на извозните стимулации итн.

Мислам дека не одминливо е и тоа го предлагам како заклучок сите овие прашања не е работа на Парламентот сега тие ние да ги утврдиме. Тоа се економски мерки кои ги превземала Владата и повеќе евидентно дека од таквите економски мерки во многу незавидна и тешка состојба е западнато тутунопроизводството и претпријатието. Мислам дека заклучок би држел Владата во содејство и заеднички со асоцијацијата Југотутун да превземаат економски мерки по прашањата прво изанализирање на тие прашања што се однесуваат за каматата. Беше кажано што ако на пример се донесе заклучок и мерка за отпус кои тие работи ќе ги покрие верувајте во тутунскиот монопол Кавадарци каде што исто така важи оваа констатација дека залихите и евентуалниот пласман на тие залихи се многу помали од пресметатната камата и нема шанси да се исплати таа камата. Така мислам дека од сите тие прашања на каматна политика, прашањето на репрограм на земените кредити со грејс периоди што ги предлага асоцијацијата Југотутун по прашање на намалување на каматите на отоис на поливина од пресметаните камати зголемување на извозните стимулации итн. сметам дека содејство и заедничка активност на Владата во смисла на преземање на мерки кои ќе значат санација на настанатата состојба со тутунопроизводството и претпријатијата за производство и откуп на тутун и за подобрување на условите за понатамошното нивно успешно работење.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почтиуван потпретседателе, почитувани пратеници,

За чудо по повод едно прашање, по еден сегмент како се реализира, ние ги отвораме сите можни прашања во една сфера. Во

репродукцијата на таа гранка која се вика тутуново стопанство која има четири значајни фази, почнувајќи од сферата на производството примарното производство, па откако ќе се заокружи таа настапува фазата на откупот на тоа производство, денеска е Информацијата во тој домен проблемите во кој се јавија во сферата на откупот и 'што се случи и што се случува во таа сфера за да потоа настапи третата фаза во сферата на репродукцијата преработката, било каков ферментиран тутун, било како фабрикација, каде што потенцијалните капацитети исто така се изобилни како што се и во првата фаза изобилни, поаѓајќи и од традицијата и од можностите за организација, но никој денеска не сака да разговара и кога ги поставува прашањата независно од последната и најзначајната фаза прашањата ги поставува независно што е тоа со пласманот на тутунот. Што се случи со пазарот на тутунот. Тој од можните на 25 илјади тони да се пласира без проблеми во изминатите периоди сега дојден на линијата од 15 илјади тони за фабрикација и ферментиран тутун во мали количини да се извезува, во нарушен поранешен пазар кој беше сигурен во рамките на поранешна Југославија и заострени услови за пласман на тутунот на светскиот пазар. Во една таква ситуација треба да го отвориме проблемот за тутуновото стопанство во сите нејзини фази затоа што не е проблемот дали можете да го финансирате ако немате пласман и ако нема интерес за 30 илјади тона годишно производство, тогаш треба да смислите за разликата на 15 илјади тони што ќе има прави. Ќе ги изгорите, ќе го фрлите во Вардар? Имате ли таква економска моќ пропозвопдителите да ги плаќате за 30 илјади тони да произведуваат,а капацитетите да имаат употребна вредност во оваа земја само 15 илјади тони, што во фабрикација, што во ферментиран тутун. Проблемите се многу по сериозни. Сите приоритети што ги имаше земјоделското стопанство на оваа земја, почнувајќи од

раноградинарските култури тутунот, оризот, и многу други производи отидоа со тоа што отидоа и многу други работи ние не можеме да се пожалиме, но и не можеме да се прилагодиме да создадеме националнана политика за развој на тоа производство во рамките на она што значи домашно производство и она што во рамките на допуштеното постои интерес за извоз само во тие рамки да има производство, а непроизводство кое ќе ги збуни уште повеќе производителите што се случува со нив. Од тука која е таа каматна политика што би барале екстра за тутуновото стопанство. Ако некој некому т.е. на банките им наредува од пишете камати за тутуновото стопанство треба таа разлика да ја надополни од некаде затоа што денеска кога би расправале и за банките во Републиката кои исто така имаат сијасет проблеми, но имаат и сијасет недостатоци во своето работење со ист тон се расправаме сите ние што се случува со деловното банкарство, зошто не е во состојба да може да го следи развојот на стопанството, развојот во смисла зошто ниедна инвестициона активност не можат деловните банки на Македонија веќе 4-5 години наназад да го следат.

**БЕКИР ЖУТА**: (продолжение)

Тие помислуваат само за краткорочни кредити, за обртни средства каде брзо им се враќа капиталот со високи камати. Тогаш ќе говориме за друго, а дали можеме во една таква ситуација да говориме, ајде отпишете ги каматите без да им обезбедиме извор на средства од каде тоа. Југотутун е претпријатие, здружение на тутунопроизводителите со статус Акционерско друштво, банките исто така се претпријатија , но финансови претпријатија со статус акционерски друштва, со свој капитал и на своите акционери, можат само нивните акционери да носат такви одлуки во собранијата на банките, не може Владата да им наредува однадвор на банките каква каматна политика ќе водат и кому ќе му отпишуваат, кому нема да отпишуваат, кому ќе репрограмираат и за кое време ќе репрограмираат, а ние од овде да диктираме само тон. Не може.

А, зашто тутунопроизводителите кои исто така се членови во тие собранија на тие деловни банки, таму молчат кога се креира политиката, не бараат состојбите во тутуновото стопанство кои што се последица и на политиката на деловните банки, покрај другите банки, кои ја предизвикуваат таа ситуација да се има предвид и да се носат поинакви одлуки, зошто таму не реагираат односно таму во Собранието и Владата каде се нема ингеренции. Мислам дека проблемите треба да се постават на свое место и ако расправаме за проблемите не само на тутуновото стопанство треба да го имаме целиот процес на репродукцијата пред себе, а овој пат денеска го имаме проблемот. Тоа што Владата еднаш и почнува јас се плашам, ако така продолжи каде ќе се најде крајот, ако државата треба да биде стокови резерви за тутуновото стопанство, ако

државата треба да биде стокови резерви за ориз, ако државата треба да биде стокови резерви за памук и ако не знам за уште кои уште,уште производи, Ве молам тогаш која е улогата на нашите акционери ако државата треба да им обезбедува репродукционен материјал, а тие само да доставуваат требовање во државата, тогаш кога им треба. Ве молам таква економска политика на Земјината топка нема да најдете и кај богатите, но и кај сиромасите. Благодарам.

**НАЌЕ СТОЈАНОСКИ:**

Јас немаше да се јавам за збор ако не беше последното излагање на г-динот министер и само сакам да укажам на неколку работи по однос на она што досега Владата во делот на другите сегменти во водењето на економската политика при тоа свесна за состојбите кои се во секој случај транзициони во Републиката преземаше одредени мерки надвор од оној нормален економски резон, кога би дискутирале во една нормална пазарна економија.

Прво, не е точно тоа дека и не би требало , тоа најдобро го знае и г-динот министер дека ниту банките се акционерки друштва дефакто, ниту тутунските претпријатија и асоцијацијата Југотутун се акционерски друштва дефакто. Дека тоа се организации со стари навики со едни наследени состојби при тоа обременети во сегашната ситуација со состојбите со кои беа изнесени овде во вкупните реперкусии кои настанаа во овој период било тоа да се екстремни или интерни во стопанисувањето во РМ. Само сакам да потсетам дека истите критериуми во однос на некои состојби што беа во другите гранки не беа на пример применети и за другите гранки, како што е индиферентниот став према оваа гранка на стопанството. На пример оптоварувањата што ги имаа банките врз основа на облигационите договори за своите

штедачи ги презеде државата со посебен закон во врска со заробените девизни заштеди. И од таа страна банките беа ослободени од тој товар. Добар дел од организациите , другите стопански субјекти исто така беа ослободени од обврските, добар дел од земјоделски организации беа трансформирани од краткорочни во долгорочни кредити итн., единствено останува на крај индивидуалните производители од тутуновото производство да го понесат товарот во овој транзициски период и дојдат во неизвесна состојба во која се.

Мислам дека сите тие состојби се доволно познати и на овој пратенички состав и на самите оние кои на некој начин им е основен мотив да стопанисуваат со оваа култура, но бараат можности заеднички потпомогнати со економските мерки на државата во овој транзиционен период некако да се преживее, да се премости оваа ситуација во која така да речам и министерот најде соодветен одраз да се изгради национален концепт во однос на приодот на оваа сто- панска гранка и другите земјоделски култури. И мислам дека тука е поентата и она недоразбирање што е помеѓу фактичката состојба кај стопанските субјекти и она што како пратеници ние баравме нормално притиснати од секојдневните барања на граѓаните кои ги застапуваме во овој Парламент и другите субјекти кои што се занимаваат со оваа стопанска гранка.

Во тој домен, во тој правец треба да се движат и размислувањата на Владата, да се вложат максимални можни напори, во оваа ситуација на некој начин само да се преживее, состојбата да се премости да се дојде во една нова состојба, а мислам дека процесот на приватизација тоа ќе го донесе.

Наспроти тоа да launched речеме и некои можности што се нудеа во овој претходен период како што е благовременото донесување на еден либерален закон за тутун кој беше предмет на расправа во прва фаза во овој Парламент од непознати причини беше запоставен и веќе една година тој закон го нема, не знам дали Владата го има повлечено од процедура, мислам претходната Влада, што лично сметам доколку одредени решенија беа апсолвирани во тој закон некои состојби во денешни услови ќе се ублажеа или ќе имаше можност одредени други субјекти во Републиката веќе гледаат своја можно перспектива за разрешување на состојбите.

Не смееме да се помириме со состојбата, да заклучам, онаква каква што е, туку наша заедничка должност е да ги изнајдеме сите можни патишта и во вакви објективни состојби за кои сите се согласуваме дека се и екстерни и интерни, внатре да го извлечеме максимумот нешто да направиме во тој домен.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Јас имав подготвено дискусија по основ оваа тематика со оглед дека доаѓам од крај во кој што во еден период во минатото доста се садеше тутун, меѓутоа од постојните причини тој број на тутунопроизводители рапидно опаѓа. Меѓутоа, благодарен сум им на претходните дискутанти кои што многу јасно, концизно ги опишаа состојбите во областа на тутуновото стопанство кои за жал не само што се загрижувачки, туку се и алармантни. Информацијата во самиот наслов значи проблемите настанати во областа на откупот на тутунот без да влезе во детална анализа на состојбите и без да понуди прави излезни решенија во иднина.

Повод за моето излагање на говорница беше излагањето на министерот г-дин Беќир Жута кој со право потенцира, ги анализира четирите фази во тутуновото стопанство со посебен осврт во областа на пласманот. Здрава економска логика е сигурно дека ако нема пласман сигурно нема и прилив на средства, ако нема прилив на средства кругот не може да се затвори, меѓутоа, прашањето се по тавува поинаку. Ние овде збориме во името на околу 35 илјади потписници на договор за производство на тутун чија што обврска не е да обезбедат пласман. Тие потпишале договор дека ќе произведат тутун, државата ја зела обврската дека ќе го откупи тој тутун врз база на прецизно направен договор и се разбира дека државата мора да стои зад тоа да ги исполни обврските. Значи сферата на пласманот е вон доменот на тутунопроизводителите. Тоа од друга страна повлекува да се направи национална стратегија во областа на тутуновото производство кое за жал бидејќи состојбите во 1995 година не се свежи, овој проблем ние го имаме со дезинтеграција на бившите југословенски простори веќе четири години, веројатно тука 3-4 години во потенцирана форма и постојано доаѓаме во ситуација ние да гасиме пожари без да оформиме една национална стратегија.

Така да, Ве молам, ова е сериозен проблем, бидејќи во прашање се некаде околу 35 илјади домаќинства на кои што им прети социјала и да не дојдеме во ситуација да се створат огромни социјални немири и во оваа сфера, токму поради тоа, зошто при конципирањето на макроекономската политика за било која година дали за 1994,1995 не обрнуваме доволно внимание во сферата за земјоделието.

Мислам дека не се исцрпени можностите земјоделието постепено да добива третман кои што го имаат поедини стопански субјекти за кои што ние расправавме. Доколку не смогнеме сили во тој правец мислам дека тоа ќе ни се врати како бумеранг, посебно во сферата на тоа што земјоделското производство постепено тоне или е на границите на социјална сигурност. Што ова налага? Ова налага или да одиме радикално па да прогласиме мораториум во тутунопроизводството од 2-3 години па да се најде пласман за постојните залихи или да се направи национална програма па да се рече дека во сегашната економска состојба РМ не е во состојба да финансира 30.000 тони тутун , туку ќе финансира 5 или 10 илјади тутун, па во тој случај да ги исполниме во полна мера обврските према туту- нопризводителите и постепено да ги санираме состојбите. Инаку, сите дискусии во било кој правец ќе бидат јалови. Благодарам.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитувани пратеници, јас сакам само да укажам на некои работи кои што на очиглед оваа проблематика од сферата на тутунот ја прават како некоја специфична работа, а тоа по моја оценка не е ништо специфично , ниту се вклопува во вкупната економска политика што оваа Влада ја води. Тука спецификата се јавува само во следната работа. Другите фирми од ваквите камати, од ваквата економска политика умираат, пропаѓаат или не знам што прават, бидејќи за нив не се врзани произведувачи на тутун, кај нив проблемот се решава на друг начин. Овде министерот за развој не поднаучи што се банки, што се претпријатија, што се акционери итн., до таа мера дури произведувачите на тутун ќе почувствуваат дека имаат некои кабает што произведуваат тутун.

Следното прашање кое што треба да се постави е од една страна во информацијата на Владата се зборува дека имаме залихи на тутун од 2 9.000 од минатата година, од друга страна Владата презема мерки за стимулација на цените, зголемување на цените, од трета страна каматната политика е таква каква што е таква, и најпрочуените и најпропулзивни светски фирми, ниедна фирма јас не сум чул светска, која што може да работи со камата просечна некаде околу 60% или 70% реална камата. Сега во такви услови ние да бараме дека овој систем ќе функционира тука е прав г-динот министер, не може да функционира. Во вакви услови не може да функционира. Но, за жал испаѓа дека Владата ни покажува дека ништо во Македонија не може да функционира. Ништо не може да функционира, никакво производство. Сметам дека за тоа да се покаже не треба ни памет ни знаење, ниту напор, тоа е многу просто се покажува и сметам дека тука е проблемот во тоа што од една страна Владата вика "не се мешаме ние во каматната политика , во политиката на Народната банка". Од друга страна, јас тоа го зборував и кога го донесувавме буџетот, имаме камати кои што се надвор од паметот, а функционираат. Јас на таа работа додека се ова општествено имање потроши и работниците и сите за да дојдат до готова пара ги залагаат претпријатијата, тоа веќе се заврши. И сега ние во сферата на тутунот треба само да разграничиме две работи.

Дали воопшто ова производство нема да го има, што јас сметам дека не е во ред и самите луѓе на некои начин по систем на авторегулација производството се намалува, ете стигнало таму кај што стигнало, на 18.000 тони, дали ова производство ние треба да го држиме, бидејќи фала богу и друго по се изгледа немаме избор што да

произведуваме, ова производство да го држиме на тој начин што треба да ги решиме проблемите во откупните организации. Дефакто сега проблемот е префрлен таму. Откупните организации со овие камати и со оние односи и под претпоставка тутунот да оди на светскиот пазар така како што оди нема теоретска шанса тој да се продаде. Колку што слушав од луѓето пратеници кои што се познавачи на оваа материја од прилика трошоците стигнале да бидат 100% на име на камати, 100% од вредноста на тутунот. Според тоа, тоа е направено како што е направено, сега имаме ние она што го направивме. Ние донесовме закон за санација на банките. Дали овие пласмани во тутунското производство банките ги сметаат како успешни и наплатени. И тука сметам дека можеме да го најдеме одговорот на прашањето барем за оваа година. За наредната година еден господ знае како ќе биде и бидејќи ние имаме дефакто камати ненаплатени од овие организации, нивното работење е блокирано како што зборувавме за загубарите, не функционира и така ништо, мојот предлог е како Собрание ние не сме некомпетентни кога носиме закон за санација на банките, рековме како што рековме, и многу работи поминат како што поминаа и овој проблем е во контекст на тој проблем и сметам дека за оваа година ако сакаме овие организации кои што преработуваат, каде што е сега проблемот сведен, овие организации понатаму дали ќе ги приватизираме, дали ќе ги трансформираме, тоа е друга работа, но за сега една проста работа како што се прават отписи во тие банки, во Стопанска и други банки, и како што се прават и како што се пренесуваат тие отписи на државата сметам дека има и простор и место овој проблем во тој контекст да се реши. Благодарам.

Познати ни се факторите што ја предизвикуваат кризата во тутунското стопанство, како и во целиот циклус на производството. Иако сето ова ни е познато, ние немаме никакви иницијативи за создавање за да можеме да излеземе од сета оваа криза. Посебно сакам да се задржам на еден момент, а тоа е создавање на фонд за тутун.

Структурата на изворите на средствата за фондот, аналогно на тоа и субјектите што тие ќе ги обезбедат, би биле следните: средства од извоз на тутунот со минимално два проценти, средства од увоз на тутунот 2%, средства на производителите, посебно фармерите 2%, средства 2% од вредноста на суровината од домашна употреба и фабрикацијата на цигари, додатен данок на промет на малопродажни цени, исто така учество на државата со дел од средствата од Буџетот и друго. Зафаќањето на алиментирањето на средствата на фондот законски би се регулирало, ќе настојуваме на некаков начин да ги квантификуваме средствата на овие извори. Можеби овие големини од аспект на сегашната состојба ќе бидат преценети или потценети, но сметам дека сето тоа, ако сите овие средства со 2% се соберат, се доаѓа до бројка од 687 милиони денари што би биле и те како добредојдени за да можеме во наредниот период или идната година да стартуваме со она што ќе го имаме. Во спротивно, јас мислам дека ќе немаме, како што гледам, никакви средства за наредната година и новото производство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ристо Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Бидејќи одредени прашања беа поставени после дискусијата, би сакал да се задржам на оние што беа поставени директно.

Прво беше кажано кои би биле тие дополнителни мерки. Јас се обидов и во првото излагање да појаснам. Се работи како што реков за продажба на ферментиран тутун и други стоки од стоковните резерви со кои би можеле да се обезбедат средства. Второ е врзување на поголемите нарачки во рамките на државната управа со компензација, односно да се плаќа со тутун, а тоа значи би се создале и пари, би рекол и позиции за да може тоа брзо да се направи.

Во однос на прашањето за стратегијата, мислам дека во овој момент со сите ограничувања што постојат стратегијата може да произлегува изклучува од она што е дел од макроекономската политика, а тоа заштитна цена, курс и истовремено каматите, што значи тоа е онаа глобална рамка во која може да се движи не само сметката за тутунското производството туку и другото.

Во однос на прашањето за каматите јас би сакал да се задржам малку повеќе. Меѓутоа, за оваа година со законот за санација на дел од банкарскиот систем се изврши големо растоварување на банките. Се очекуваше дека со таквиот чин ќе се овозможи простор она што беше ненаплатени побарувања и што претставуваа еден вид нивелирање на трошоците преку зголемена камата за оние што плаќаат дека со таквото растоварување би следело сосема нормално да дојде до пад на каматите. Меѓутоа, недостатокот на финансиски капитал и другите

проблеми овозможуваат и понатаму на тоа ниво да се држат. Прашањето беше поставено на Владата, веќе се направени некои разговори, се надеваме дека во најскоро време ќе излезе со предлог на тој начин да дојде до приближување на реалната камата и она што е банкарска камата. И како за крај, што се предвидуваше со оваа Информација, сметам дека во заклучоците на Комисијата за земјоделство јасно е кажано од оваа Информација што би требало да се направи. Мислам дека тие се заклучоци кои даваат простор да се донесе оценка дека не била залудна ваквата расправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Вељо Тантаров, но ги молам пратениците кои се јавуваат по втор и пат да бидат кратки во предлозите.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Повеќето пратеници ги прашаа нашите министри кога ќе се плати разликата од откупната до гарантираната цена на тутунот. На ова прашање одговор не добивме. Последниот одговор на министерот Иванов дека разликата ќе се плати откако ќе се продаде тутунот што е откупен од тутунските претпријатија мене ми личи дека сепак за годинава оваа разлика нема да се плати.

Второ, не се согласувам со дискусијата на г-динот министер Беќир Жута. Тој добро не упати како и на кој начин ќе се решаваат тутунските проблеми, меѓутоа, тој е министер за развој и сигурно ќе треба да каже како во натамошниот период ќе се одвива развојот на тутунското стопанство во нашата држава.

Повторно барам министерот Ристо Иванов овде да каже кој е последниот рок за исплата на разликата од тутунот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по точката.

Да се договориме околу заклучоците, со оглед на тоа, што имавте можност да ги видите. Јас ја разбирам желбата еве и на последниот дискутант и на сите пратеници што говореа дека треба точно да утврди Собранието рокови и за исплата и за донесување на закон. Ве молам, тргнуваме од нашата позиција на Собранието во Уставот. Ние не можеме да и наложиме на Владата во тој и тој рок да исплати или тогаш и тогаш да го донесе законот.

Затоа, предлагам на Собранието да го усвои заклучокот кој Ви е предложен од Комисијата, а јас ќе го повторам.

1. Собранието на Република Македонија ја прифати Информацијата за откупот на тутунот во 1994 година.

2. Владата на Република Македонија да преземе неопходни мерки за давање приоритет во обезбедувањето средства за исплата на разликата меѓу откупната и заштитната цена на тутунот.

3. Владата на Република Македонија да ја забрза постапката за изготвување на Законот за тутун.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:(**од место)

Имаше три-четири предлози. Тоа да биде рок до крајот на јуни. Тоа го рече и министерот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас Ве молам, деловнички во Собранието е многу јасно. Ако сакате за нешто да се гласа писмено се доставува до пратениците.

Јас кажам и уште еднаш да повторам за нашата позиција како Собрание не можеме да наредиме на Владата во тој и тој рок тоа и тоа да го направи. Нашата е законодавна функција, а нивната е извршна.

Молам, кој е за заклучокот , да крене рака?

Шеесет и седум пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Двајца пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Четири пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Деловнички овој заклучок ќе биде доставен до Владата на Република Македонија.

Со ова дневниот ред од Седумнаесеттата седница е исцрпен. Таа седница ја заклучувам.

Сега да се договориме како ќе работиме. Ако работиме до 17,00 часот, предлагам да продолжиме со Деветнаесеттата седница. Ако работиме додека ја завршиме Деветнаесеттата седница предлагам пауза од еден час за ручек. Значи предлагам да работиме до 17,00 часот, а да продолжиме утре во 10,00 часот.

Сепак да дадеме една мала пауза.

Дали се тука министрите , бидејќи ќе имаме пратенички прашања.

(Седницата заврши во 15,10 часот).